УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

Последипломски магистерски студии по педагошки науки

# СОВЕТОДАВНАТА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ СО УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

- магистерски труд-

Ментор: Проф. д-р Вера Стојановска

Кандидат: Азрина Дупљак

Скопје, 2014 година

# СОДРЖИНА

**Вовед** ........................................................................................................................ 5

**I ДЕЛ**

**ТЕОРЕТСКИ СОГЛЕДУВАЊА НА ПРОБЛЕМОТ**

1.Конституирање, развој и состојби на работното место – училишен педагог како стручен соработник во основното училиште во Република Македонија ..........................................9

2. Суштина на советодавната работа ..........................................................................................13

2.1. Одредување на поимот советодавна работа ..........................................................................14

2.2. Специфичности на советодавната работа ..............................................................................16

3. Ученици со посебни образовни потреби ...............................................................................18

3.1. Надарени ученици ....................................................................................................................20

3.2. Ученици кои имаат потреба од посебен педагошки третман .............................................. 23

4. Подрачја на индивидуално и групно советување ................................................................. 25

4. 1. Подрачја на индивидуална советодавна работа ................................................................ .25

4. 2. Подрачја на групно советување ............................................................................................. 26

4. 3. Подрачја на групно и индивидуално советување ................................................................ .27

4. 4. Предности и ограничувања на групното советување ......................................................... .30

5. Методи на советодавна работа................................................................................................ 33

5. 1.Разговор.................................................................................................................................. ..33

5. 2. Набљудување. ........................................................................................................................ 36

5. 3. Анегдотски белешки ................................................................................................................40

5. 4. Анкета.........................................................................................................................................44

5. 5. Скали на проценка.....................................................................................................................45

5. 6. Самонабљудување.....................................................................................................................46

6. Материјални услови за советодавна работа со ученици.........................................................48

6. 1. Простории....................................................................................................................................49

6. 2. Документација.............................................................................................................................51

6. 3. Библиотека........................................................................................................52

6. 4. Средства за истражување..............................................................................................53

## II ДЕЛ
## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1.Значење на истражувањето ..........................................................................................56
2.Предмет на истражувањето ..........................................................................................58
3. Дефинирање на основните поими на предметот на истражување ................................58
4.Цел и задачи на истражувањето ...................................................................................60
5.Хипотези на истражувањето .........................................................................................62
6.Варијабли на истражувањето ........................................................................................63
7.Примерок на истражувањето .........................................................................................64
8. Методи, техники и инструменти на истражувањето.........................................................65
9.Тек на истражувањето ..................................................................................................66
10.Обработка на податоците ............................................................................................66

## III ДЕЛ
## АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Планирање на советодавната работа со учениците во основно училиште...............68
2. Мислење на училишните педагози за потребата од советодавна работа со учениците во основното училиште.......................................................................72
3. Материјалните услови за реализирање на советодавна работа на училишниот педагог со ученици.................................................................................................74
4. Соработка на училишните педагози со наставнисите при советодавна работа со учениците...................................................................................................................76
5. Мислење на педагозите во однос на содржините на советодавна работа со учениците во основното училиште.........................................................................79
6. Форми на советодавна работа со учениците во основното училиште.....................84
7. Инструменти кои ги користат училишните педагози во функција на советодавна работа со учениците.................................................................................................87
8. Потреба од советодавна работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште.................................................................................................................89
9. Потребата на учениците од различни содржини на советодавна работа..................94
10. Мислење на училишните педагози и учениците во однос на потребата од советодавна работа на педагогот со учениците.........................................................96

11. Мислење на училишните педагози и учениците во однос на содржините на советодавна работа на педагогот со учениците.....98
12. Мислење на учениците за оспособеноста на училишниот педагог за остварување на советодавна работа.....100
13. Причини кои ја отежнуваат советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште.....103
14. Оспособеноста на училишните педагози за советодавна работа со ученици.....105
15. Мислење на училишните педагози за потребата од стручно усовршување за поквалитетно изведување на советодавна работа со учениците во основното училиште.....106

**IV ДЕЛ**

**ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И КОНСТАТАЦИИ**

1. Општо заклучоци од истражувањето.....109
2. Предлози за имплементација на резултатите од истражувањето.....114

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....117

ПРИЛОЗИ.....121

1. Анкетен лист за педагози
2. Анкетен лист за ученици

## ВОВЕД

Со демократизацијата на училиштето и воспитанието, на младите им се дава можност да се школуваат по исти или речиси исти услови. Традиционалната и селективната школа ја замени современа и масова школа. Учениците кои се воспитуваат во соврмената школа многу повеќе се разликуваат во своите претходни знаења, способности и мотивација отколку оние што се школувале во традиционалната школа. Со тоа работата на наставникот се отежнува, тој мора многу повеќе да работи со учениците, да ги анализира тешкотиите со кои се соочуваат и да им дава соодветна помош.

Веќе е познато дека денешните деца порано созреваат, кај нив се јавува воочлива разлика во физичкиот изглед и социјалното созревање, а развојот им е проследен со разни проблеми предизвикани од различни влијанија на семејството и средината.

Современите истражувања покажуваат дека учениците не се задоволни од својата положба во училиштето, често своето незадоволство од училиштето и наставните програми го изразуваат со бојкотирање на наставата, отсуство од настава, незаинтересираност во текот на предавањата, рамнодушни се кога ќе добијат слаба оценка и практикуваат кампањско учење на наставниот материјал.

Имено, во училиштето често се јавуваат проблеми во односите помеѓу самите учениците како и помеѓу наставниците и учениците и тоа во форма на: избегнување на проблеми, бегање од одговорност, линија на помал отпор, наоѓање на решение во конфликти, сомнеж во авторитети, недисциплина, површни социјални контакти, недостаток на емпатија и смисла за дружење, егоизам, недостаток на работни навики и тежнеење убаво да се живее без вложување на труд. Доколку овие проблеми се масовни, предизвикуваат наставниците и учениците повеќе да работат на решавање на интерперсоналните односи отколку да се занимаваат со настава и учење.

Сепак, една од најважните одлики на сите образовни системи е способноста за континуирано прилагодување на потребите на учениците.

Затоа старата авторитарна педагогија се напушта, а се применува демократска педагогија која налага наставниците подобро да ги познаваат учениците, повеќе да комуницираат, да го следат нивниот развој и да им нудат помош и совети доколку е потребно.

Сето ова условува интензивно стручно следење на развојот кај младите, постојана педагошка комуникација со нив, подготвеност да им се даде поддршка во моменти на криза и губење на самодоверба.

Бидејќи наставниците не се доволно оспособени за овие деликатни проблеми и немаат доволно време, се јавува потреба од помош на стручно лице - училишниот педагог кој во текот на студиите се подготвувал за оваа проблематика.

Така, основни подрачја на работата на педагогот со учениците стануваат: запознавање со положбата на децата и условите за нивниот развој, следење на нивниот севкупен развој, како и напредувањето во училиштето и советодавната воспитна работа.

Педагогот во училиштето најчесто остварува соработка со три основни групи на субјекти, и тоа со: учениците, наставниците и родителите. Сите тие во воспитно-образовниот процес учествуваат од своите субјективни а понекогаш и спротивставени позиции. Во оваа ситуација единствено педагогот на училиштето е во неутрална позиција и може објективно да ги обедини сите три групи на субјекти: учениците, наставниците и родителите.

Дел од делокругот на работа на педагогот со учениците, што ги третира проблемите на учениците во училишна средина е советодавната работа со нив.

Имајќи ги предвид новонастанатите услови, потреби и барања на учениците во денешното училиште се наметнуваат следните прашања: кои се современите педагошки барања за советодавната работа на педагогот со учениците, кои содржини и активности ги обавува педагогот со учениците, преку кои форми ги обавува, како и тоа на кои потешкотии наидува.

Благодарение на советодавната работа, на ученикот му се овозможува да го соопшти концептот за себе како и да влијае врз целите, содржините и начините на своето

воспитување. Така тој од позиција на објект преминува во позиција на субјект во воспитниот процес. Па оттука е и значењето и интересот за овој проблем на истражување.

Во првиот дел од магистерскиот труд, Теоретски согледувања на проблемот, се согледани актуелни прашања во однос на советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште. И тоа, прво е даден историски осврт на развојот на дејноста – училишен педагог преку законски одредби со кои е регулирана работата на училишниот педагог во основното училиште. Потоа се дадени теоретско – емпириските сознанија во однос на суштината на советодавната работа, одредување на поимот како и специфичностите на советодавната работа. А во продолжение се опишани посебните категории на ученици со кои училишниот педагог најмногу реализира советодавна работа и тоа: ученици со посебни образовни потреби, талентирани ученици и ученици кои имаат потреба од посебен педагошки третман, како и подрачјата на индивидуално и групно советување, методите на советодавна работа со учениците и материјалните услови за советодавна работа со учениците.

Во вториот дел, е дефиниран предметот на истражување и неговото значење, целта и задачите на истражувањето, хипотезите, варијаблите, примерокот на испитаните субјекти, методите, техниките и инструментите на истражувањето и постапките и начинот на обработка на податоците.

Во третиот дел се презентирани и анализирани добиените резултати од истражувањето и тоа редоследно, според поставените хипотези. Така, во овој дел се дадени емпириски податоци за ставовите и мислењата на училишните педагози и учениците во однос на суштествени прашања за советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште.

Четвртиот, завршниот дел од овој труд содржи заклучни сознанија и констатации, коишто произлегуваат од теоретската разработка на проблемот и резултатите од ова истражување. Тука се дадени општи заклучоци за проблемот како и предлози за имплементација на резултатите од истражувањето.

I ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ СОГЛЕДУВАЊА НА ПРОБЛЕМОТ

## 1. Конститутирање, развој и состојби на работното место – училишен педагог како стручен соработник во основното училиште во Република Македонија

Воведувањето на стручниот соработник - педагог во основните училишна на Република Македонија се појави како резултат на осовременувањето и рационализирањето на воспитно – образовниот процес.

Барањето за воведување на работното место – училишен педагог, за прв пат законски се регулира со Законот за основно образование од 1965 година, член 98, каде се наведува дека: *За поуспешно остварување на воспитно – образовните задачи на училиштето, за проучување и унапредување на воспитно – образовната работа и за помагање на директорот на училиштето во спроведување на неговите инструктивно – педагошки задачи, основното училиште може да има училишен педагог, училишен психолог и други стручни лица.*

*Две или повеќе училишта можат да имаат заеднички стручни лица.*

*Училишниот педагог изведува настава и врши други наставнички работи што ќе му ги определи наставничкиот колегиум на училиштето.*[1]

Со оваа одредба училишниот педагог ја има и улогата на помошник директор со што тој се насочува кон вршење на административни работи на училиштето, од една страна, а пак од друга страна се вклучува во наставниот процес, како наставник, доколку наставничкиот колегиум процени дека е потребно.

Со Законот за основно образование од 1969 година, член 93, направени се измени во работата на педагогот. Тие измени гласат: *За поуспешно остварување на воспитно – образовните задачи на училиштето и за проучување и унапредување на воспитно –*

[1] Закон за основното училиште. (1965). Скопје:Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, бр.31

*образовната работа, основното училиште може да има училишен педагог, училишен психолог и други стручни лица.*

*Две или повеќе основни училишта може да имаат заеднички стручни лица.*[2]

Со оваа законска одредба работата на педагогот се растеретува меѓутоа останува дискутабилно прашањето колку квалитетно педагозите ќе ги обавуваат своите работни задачи доколку се ангажирани во две или повеќе училишта.

Слични одредби има и Законот за основно воспитание и образование од 1976 година, во кој е дадено следново: *За поуспешно остварување на воспитно – образовните задачи во основното училиште, покрај наставниците работат и други стручни работници: педагог, психолог, социјален и здравствен работник, библиотекар и др.* [3]

За прв пат во низата на активности на училишниот педагог се ставаат учениците, со Законот за предучилишно и основно воспитание и образование од 1983 година и тоа со членот 123 кој гласи: *Педагогот и психологот во организациите за згрижување и воспитание и во основните училишта особено ја следат и унапредуваат воспитно – образовната работа, работат на нови форми и ефикасни методи на воспитно – образовната работа, ги проучуваат педагошко – психолошките проблеми на децата и учениците во воспитно – образовниот процес, ја анализираат оптовареноста на учениците и сфаќањето на функцијата на оценката и оценувањето и се залагаат за подобар квалитет, ја организираат и координираат професионалната ориентација на учениците, помагаат и соработуваат со децата, учениците и нивните родители, воспитувачите, наставниците и особено родителите чии деца се со пречки во психофизичкиот развој.* [4]

[2] Закон за основното училиште. (1969). Скопје:Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, бр.7

[3] Закон за основно воспитание и образование. (1976). Скопје:Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, бр.11

[4] Закон за предучилишно и основно воспитание и образование. (1983). Скопје:Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, бр.19

Во Законот за основновно образование донесен 1995 година, член 66 е дадено: *воспитно – образовната дејност во основното образование ја остваруваат наставници, стручни работници (педагог, психолог, дефектолог, социјален работник, библиотекар) и воспитувачи.*[5]

Како што може да се забележи, во овој закон само се наведени стручните работници кои можат да работат во основното училиште, но не се дефинирани нивните работни обврски.

Во актуелниот Закон за основно образование од 2008 година, член 77 е дадено дека: *Воспитно – образовната работа во основното училиште ја остваруваат наставници, стручни соработници (педагог, психолог, социолог, социјален работник, дефектолог, библиотекар) и воспитувачи.* Во член 87 пак се дадени работните должности на педагогот меѓутоа тие не се дадени одделно туку се наведени во низата на работни должности на сите стручни соработници во основното училиште. Овој член во оргинална верзија гласи: *Работните должности на стручниот соработник во основното училиште опфаќаат стручни работи за:*

- *запишување на учениците и следење на нивниот развој во основното училиште,*
- *следење на навремено вакцинирање на учениците,*
- *планирање на наставата и другата воспитно –образовна работа,*
- *развивање на програми, постапки и инструменти за вреднување на постигањата на учениците и самовреднување на училиштето,*
- *учество во организирано стручно и дидактичко – методско образование и надоградување,*
- *соработка со родителите,*
- *поддршка на работата на заедницата на учениците,*
- *примена на прописите за остварување на правата и должнстите на учениците, напредувањето и изрекувањето на педагошки мерки за кршење на училишните правила и куќниот ред на основното училиште,*

[5] Закон за основното образование. (1995). Скопје:Службен весник на Р. Македонија, бр.44

- *поддршка на стручните активи на наставниците за изборот на учебниците и детските списанија и другата литература што се користи во училиштето,*
- *организирање на педагошка и методска практика на студентите од наставничките факултети;*
- *поддршка на наставниците за индивидуалната работа со учениците,*
- *организирање и водење на работата на училишната библиотека,*
- *професионална ориентација на учениците,*
- *поддршка на наставниците за водење на педагошката документација и евиденција на основното училиште,*
- *водење на педагошки картон за наставниците.*[6]

Покрај тоа што работните должности на училишниот педагогот не се одделени, како дел од училишната пракса на педагогот, во делокругот на активностите кои ги остварува со учениците може да се издвојат:

- Проценување на подготвеноста на децата за прво одделение;
- Идентификација и работа на отстранување на педагошките причини за проблеми во учењето и однесувањето;
- Индивидуална и групна советодавна работа со ученици кои имаат проблеми во учењето и однесувањето;
- Работа со училишната заедница во остварувањето на поставените и тековните воспитно – образовни задачи;
- Професионално ориентирање на надарените ученици и оние што заостануваат во воспитно – образовните постигнувања;
- Следење и проучување на интересите и постигнувањата на учениците и согледување на нивната усклаđеност со професионалните желби и определувања.[7]

[6] Закон за основно образование. (2008). Скопје: Службен весник на Р. Македонија. Бр.103
[7] Трнавац, Н. (1996). Педагог у школи. Београд: Учитељски факултет, стр. 143,144

## 2. Суштина на советодавната работа

Советодавната работа е суптилна и деликатна педагошка дејност со која се постигнува посестран и попотполн развој на личноста. Со советодавната работа подлабоко се согледува и пообјективно се проценува процесот на воспитание.

Училишниот педагог не може успешно да го советува поединецот и групата доколку не ја познава суштината на процесот на воспитание во кој тој е вклучен, доколку не го следи процесот на реализација на содржината на образованието и воспитанието, односите помеѓу наставникот и ученикот, како и доменот и ограничувањата на процесот на воспитание. Тој стручно следи, како организацијата и содржините на воспитанието влијаат на поединецот и групата, како и колку наставникот со својата личност и стилот на педагошка работа влијае на учениците, колку и како семејството, општествената средина и врсниците влијаат на учењето и однесувањето на ученикот итн. Врз таа основа тој ја гради својата програма, ги избира средствата и постапките за советодавната работа и практично реализира советодавна работа со група и поединци.

Суштината на советодавната работа не може да се сведе само на решавање на ексцесни ситуации или проблеми кои се јавуваат во однесувањето на поединецот или групата или пак на педагошка дијагностика и терапија, бидејќи со тоа работата на педагогот и советодавната работа би се ограничиле на неколку техники на индивидуална и колективна терапија.

Советодавната работа е процес на воспитно делување во кој организирано и со јасно поставена цел, се расправа за вредносниот систем на општеството и општествените односи, се создава атмосфера во која вредносниот систем на поедницот се соочува со општо прифатениот систем на вредности, се креира педагошка ситуација во која се преиспитува индивидуалниот вредносен систем, се донесуваат одлуки и се стекнуваат уверувања дека одлуките се нужни. Советодавната работа има за цел кај младите да формира убедувања, ставови и погледи на општествените и меѓучовечките односи, а тоа е

битен фактор за сестран општествен и морален развој на личноста, како и фактор на социјализација и самоакуелизација на личноста. [8]

Добронамерноста и стручноста се две основни карактеристики на советодавната работа во училиште. Така, воспитувањето кое го карактеризираше рацио (разумот) ја добива и димензијата – доверба, што доведува до една отворена личност која лесно воспоставува контакти и соработнички односи со другите луѓе.

При самата реализација на советодавната работа со ученици, Роџерс во својата книга "Педагошко водење во современото училиште" наведува четири предуслови кои се битни за воспитно влијание на личниот развој на соговорникот, и тоа:

- Конгруенција – советникот е она што е и во стварноста, непосреден и не претставува некаков "фронт" спрема соговорникот, а соговорникот не го губи своето "јас";
- Емпатија – способност да се почувствува внатрешниот свет на соговорникот, "како да е свој свет" а истовремено и почитување на соговорникот (соживување);
- Позитивен став – покажување на прифаќање на соговорникот и неговиот проблем, почитување на соговорникот, а не некаква сентименталност или површност;
- Почитување на соговорникот – кое мора да биде безусловно, без никакви посебни или попатни услови.[9]

## 2. 1. Одредување на поимот советодавна работа

Во училиштата во западните земји, под поимот советодавна работа обично се подразбираат повеќето активности кои кај нас ги врши училишниот педагог. Лицето кое ги обавува овие активности најчесто работи на работното место – училишен советник, кој

[8] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva Svjetlost. стр. 9-12

[9] Трнавац, Н. (1996). Педагог у школи. Београд: Учитељски факултет. стр. 162

назив пред се произлегува од неговата структурата на активности, која најмногу се однесува на советодавната работа.[10]

Поимот советодавна работа првенствено се однесува на унапредување на успехот и меѓучовечките односи. Преку советодавната работа им се помага на учениците подобро да се разберат себе си и своите можности, како и да ја прифатат одговорноста за сопствениот избор што го прават. Со советувањето, исто така им се помага на учениците подобро да ја сфатат својата положба во средината во која живеат и работат, како и да се оспособат за унапредување на истата и така да создадат услови за афирмација на сопствената личност. Суштината на педагошкото советување се состои во тоа, учениците да се оспособат да се анализираат себе си и своите постапки и така пореално да се проценуваат себе си и своите способности. [11]

Советувањето може да има различна намена. Во педагошката литература често се спомнува советување поради воспитно влијание, решавање проблеми на личноста, советување со цел да се помогне на личноста да избере адекватна професија или кога ќе ја избере да ја прифати и со задоволство да ја извршува и сл. Советодавната работа може да се изведува во мала група (од 3-9 ученици), во поголеми групи (од 12-15 ученици) и во големи групи (над 20 ученици). Покрај советувањето кое се реализира во група за поединци кои имаат лични проблеми се изведува индивидуално советување.[12]

---

[10] Трнавац, Н. (1996). Педагог у школи. Београд: Учитељски факултет, стр.157

[11] Pedagoška enciklopedija I i II (1989). Beograd: Zavod za u benike i nastavna sredstva

[12] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva Svjetlost

### 2.2. Специфичности на советодавната работа

Специфичности на советодавната-воспитна работа се:

1. Советодавната работа е специфична педагошка дејност која започнува со раѓањето на човековото суштество и завршува со неговата смрт. Човекот во текот на својот живот има потреба да се советува со некого во однос на своите проблеми.
2. Советодавната - воспитна работа ја врши специјализиран стручњак ( педагог) кој е оспособен за тоа. Тој работи врз основа на сопствени истражувања на проблемите на личноста која ја воспитува и советува и врз основа на современите достигнувања во науката. Тој соработува со родителите и наставниците, ја координира и насочува воспитната дејност во училиштето.
3. Советодавната воспитна работа подразбира познавање на целите на воспитанието, субјектите кои се воспитуваат, методите, техниките и постапките на воспитното делување врз поединецот и групата и условите во кои се реализира воспитната работа.
4. Воспитното делување, корективната и терапевската работа се составен дел на воспитанието на личноста во семејството, училиштето и општествената средина. Со него се овозможува сестран и слободен развој на личноста и се отстрануваат пречките кои го оневозможуваат таквиот развој.
5. Советодавната работа во потесна смисла може да значи советување на поедниецот во избор на училиште, занимање, совладување на техниките на учење, развивање на работни навики, отстранување на неприфатливи облици на однесување и сл.
6. Водењето и советувањето се две форми на воспитното дејствување, при што водењето повеќе се однесува на професионалната ориентација, давање на општи совети и упатства, додека пак советувањето е посуптилен процес на воспитно влијание со цел поттикнување на сестран развој на личноста и решавање на проблеми кои го отежнуваат тој развој.
7. Во процесот на советодавно - воспитната работа личноста на воспитаникот е максимално ангажирана и мотивирана да придонесува за својот развој и развојот на другите, да се соочува со своите проблеми, да ги решава и да соработува со воспитувачите.

8. Советодавната работа допринесува до оспособување на младите слободно да се определуваат, донесувааат одлуки, превземаат одговорност за реализација на одлуките и последиците кои произлегуваат од нив.[13]

Советникот му помага на ученикот да ја сфати својата положба во општествената средина, да се прилагоди во средината, да се оспособи за промена на средината во која живее и во тој процес да создава услови за афирмација на сопствената личност. Задача на советникот (педагогот) е да ги оспособи учениците да се аналилизираат себе си, реално да ги проценуваат своите можности и ограничувања во процесот на воспитание, изборот на професија, решавање на социјалните и емоционалните проблеми. Советодавната работа е креативен процес кој има за задача да го потикнува развојот, да ги отстранува проблемите и потешкотиите во развојот и трага за најдобриот пат кон самоактуелизација на личноста.

Целта на советодавната работа е да му помогне на ученикот да постигне саморазбирање и да се развива нормално според своите можности, а се реализира по пат на кратки контакти (неколку минути), кои имаат за цел да ги решат секојдневните проблеми кои го мачат ученикот.

Советувањето може да има различна намена. Во педагошката литература често се спомнува советување поради воспитно влијание, решавање проблеми на личноста, советување со цел да се помогне на личноста да избере адекватна професија или кога ќе ја избере да ја прифати и со задоволство да ја извршува и сл. Советодавната работа може да се изведува во мала група (од 3-9 ученици), во поголеми групи (од 12-15 ученици) и во големи групи (над 20 ученици). Покрај советувањето кое се реализира во група, за поединците кои имаат лични проблеми се изведува индивидуално.

Во праксата на училишниот педагог, најчесто се наметнуваат две групи на проблеми кои ги третира преку советодавната работа со учениците и тоа во однос на учењето и во однос на однесувањето.

[13] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za ubenike i džnastavna sredstva Svjetlost, стр. 16,17

## 3. Ученици со посебни образовни потреби

Многу често, во училиштата има ученици кои бараат посебно проучување и педагошко делување. Ниту за два ученика не може да се каже дека еднакво се развиваат па во таа смисла може да се говори за посебности. Меѓутоа, овде мислиме на оние ученички посебности, кои претставуваат значајни отстапувања во некоја особина и што бараат такви рамки на проучување кои не ги сретнуваме во вообичаеното следење на учениците и влијание врз нивниот развој.[14]

Во развиените држави поимот посебни образовни потреби се однесува на деца со пречки во психичкиот развој, со оштетен вид, слух и деца со пречки во говорот. Со овој поим се опфаќаат децата со пречки во движењето, долготрајно болните деца, како и децата со пречки во поведението и карактерот кои имаат потреба за дополнителна стручна помош или за прилагодени односно посебни програми за воспитно – образовната работа. Овој поим се однесува и на учениците со тешкотии во учењето.

Затоа, за учениците кои во училиште имаат потреба од посебен педагошко-воспитен третман ќе го користиме терминот ученици со посебни образовни потреби вклучувајќи ги сите категории на посебности без оглед на етиологијата (причини во семејството, училиштето или ученикот), начинот на манифестирање или аспектот на поедини научни дисциплини (педагогија, психологија, социологија, ментална хигиена итн.).

Во поново време, и формално се регулира стручната работа во однос на децата со посебни образовни потреби, па така, според Законот за основно образование 2008 година, за учениците со посебни образовни потреби се обезбедуваат соодветни услови за стекнување на основно воспитание и образование во редовните и посебните основни училишта и имаат право на индивидуална помош за стекнување на основното образование и воспитание.[15]

[14] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр.197

[15] Закон за основно образование. (2008). Службен весник на РМ. член 6

Основните училишта се задолжени да изведуваат програми за децата со посебни образовни потреби, да обезбедуваат стручни кадри за подготовка и за изведување на наставата, како и следење и вреднување на постигањата на учениците.

Според Концепцијата за деветгодишно основно образование, за основното образование на учениците со посебни образовни потреби изработени се посебни наставни планови и програми со кои им се дава можност за социјализација, усвојување знаења, навики и други вредности. Со програмите и методите во наставата поголемо значење се придава на оспособувањето на учениците за живот и работа.

Од 1998 година во Република Македонија во редовните училишта се реализира Проект за инклузија на децата со посебни потреби. Целта на проектот е во редовните училишта да се создадат поволни услови (претпоставки) за вклучување на децата со тешкотии во психофизичкиот развој, со емоционални проблеми, деца без родители или деца кои имаат тешкотии во учењето. Исто така со овој проект се наметнува менување на сфаќањата и ставовоите кај родителите за вклучување на нивните деца во редовните образовни групи, како и постигнување на поголем интерес во јавноста за образованието и воспитанието на децата со посебни потреби.

Педагогот во училиштето има бројни можности за откривање и следење на овие ученици, и тоа во следниве ситуации:

- Во наставни ситуации;
- Други ситуации кои се дадени во организацијата на работата на училиштето (воннаставни активности, ученички групи и сл.);
- Присуство и учество во разговори кои ги поттикнува одделенскиот раководител со цел подобро да ги запозне и влијае на учениците;
- Клиничка работа со ученикот;
- Мислења на наставниците (одделенските раководители) лично изнесени или пак на состаноците на стручните органи на училиштето;

- Мислења на стручни служби (стручни лица или комисии во и надвор од училиштето).[16]

### 3.1. Надарени ученици

Во развиените држави со посебно внимание се разгледуваат прашањата за откривање на надарените ученици и создавање услови за нивниот развој. На пример во новото деветгодишно основно училиште во Словенија надарените ученици се откриваат за да им се понудат можности за подобар и поадекватен развој на нивните способности. Посебна стручна група работи на развивање на модел за да се овозможи следење и откривање на надарените деца уште во најраната училишна возраст во основното училиште, како и во погорните одделенија.

Во основното образование во Република Македонија работата со надарените ученици не е посебно дефинирана. Во практиката се применува концептот за развивање на додатна настава како и за развивање на проширени и продлабочени програми и активности во училишните секции за надарени ученици. Редовно се организираат регионални и републички натпревари по одделни области и предмети што се поддржани од соодветни друштва и асоцијации на регионално, општинско и републичко ниво.

За овие ученици во училишната пракса, до воведувањето на деветгодишното основно образование беа практикувани следниве неколку форми на училишна акцелерација, и тоа:

- Предвремено запишување на понапредните деца во основното училиште;
- Акцелерација во одделенската наства или забрзано напредување на надарените ученици од I до V одделение;
- Акцелерација во предметната настава или забрзано напредување на надарените ученици од V до VIII одделение.[17]

[16] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр.198

[17] Стојановска, В. (1995). Акцелерација на учениците од основното училиште. Скопје: Гоцмар

А пак, со Законот за основно образование од 2008 овозможено е исто така побрзо напредување на учениците во текот на школувањето во основното училиште. Согласно него, ученикот кој има одличен успех и посебно се истакнува со способности, знаења и работни навики, може побрзо да напредува. Ако ученикот побрзо напредува во првиот период преминува без полагање на испити за побрзо напредување, а ако побрзо напредува во вториот, односно третиот период полага испити за побрзо напредување.[18]

Сепак, нема воспоставени критериуми и постапки за рано откривање на надарените ученици, како и за создавање подобри можности за развој на нивните способности.

Надареноста кај учениците исто така може да биде проследена со одредени потешкотии во физичкиот, психичкиот и социјалниот развој. Неразбирањето од страна на околината за посебните интереси на ученикот, може кај него да предизвика одредени пречки во развојот, посебно во психичката сфера.

За неуспехот на надарените, како и за нивните тешкотии може да придонесат и училишните програми, крутите барања и односите во образованието, како и недоволната стимулација од страна на наставниците. Затоа е важно да се создадат потикнувачки услови во семејството и во училиштето за да може надарените и талентираните ученици да се развиваат на соодветен начин.

Училишната атмосфера има многу големо значење во поттикнување на мотивацијата кај надарените ученици. Неа ја создава наставникот, заедно со односите меѓу учениците и опфаќа четири димензии:

- Социјална атмосфера (односи на подреденост, права на одлучување и иницијативи);
- Интеракција (степен на активност на учениците и наставникот и иницијатива во процесот на учењето);

[18] Закон за основно образование. (2008). Службен весник на РМ, член 75

- Натпреварувачка атмосфера или соработка;Емоционална атмосфера (топлина и поддршка наместо критика и индиферентна атмосфера). [19]

Работа со надарените деца подразбира посебни програми и активности усогласени со нивните потреби и потенцијали. Наставата и другите активности во основното училиште треба да се усогласени со индивидуалните разлики меѓу учениците и со начинот и брзината во учењето и напредувањето на секој ученик. Имено треба да се применуваат и различни методи за мотивирање и подучување, наставни содржини што одговараат на индивидуалните потреби и можности на учениците и различни видови на индивидуализирана настава што ќе обезбеди почитување на разликите и специфичностите на детскиот развој, брзината на напредувањето во учењето и надареноста на ученикот.

Надарените и талентираните ученици покажуваат спектар на карактеристики во една или повеќе области. Наставниците мора да создадат услови да се изразат сите карактеристики на надарените и талентираните ученици. Затоа во некои држави се обезбедува професионален развој на наставниците со цел да знаат да создадат ситуации во кои надареноста и талентот на учениците ќе дојдат до израз, да знаат како да ги набљудуваат карактеристиките во текот на даден временски период во наставните и вонаставните активности и како да ги набљудуваат карактеристиките во групите кои се вообичаено помалку застапени во програмите на училиштето за работа со надарени и талентирани деца. [20]

[19] Биро за развој на образованието. Развивање на систем за работа со надарени и талентирани ученици во основните училишта во Република Македонија. (2011). Скопје: УСАИД, стр.24

[20] Биро за развој на образованието. Развивање на систем за работа со надарени и талентирани ученици во основните училишта во Република Македонија. (2011). Скопје: УСАИД

## 3.2. Ученици кои имаат потреба од посебен педагошки третман

Педагогот остварува советодавна работа со ученици на кои им е **потребен посебен педагошки третман**, и тоа:

- Ученици кои подолго време отсуствуваат од настава без да имаат било какво оправдување за тоа, нередовно ја посетуваат наставата, бегаат од часови по конкретен наставен предмет или од часовите по сите предмети;
- Ученици кои сосема се незаинтересирани за тоа што се работи на наставниот час или во рамките на другите активности во училиштето;
- Ученици кои пројавуваат деликвентно однесување;
- Ученици кои имаат потреба да акцелерираат во основното училиште;
- Ученици кои манифестираат агресивно однесување;
- Ученици кои постигнуваат слаб успех во учењето од објективни причини;
- Ученици уживатели, консументи на алкохол, дрога и слично;
- Ученици со здавствени и психички проблеми;
- Ученици со проблеми во адаптацијата (нова средина, нов наставник, нов наставен предмет, и слично);
- Ученици кои заостануваат во учењето.[21]

Во таа смисла, како ученици на кои треба да им се овозможи посебна, соодветна педагошка помош, Шмулер ги посочува:

- Ученици кои покажуваат сериозни недостатоци во своето однесување, оние кои постајано се во конфликт со некого, или оние кои покажуваат намерна непослушност во одделението;
- Ученици кои изгледаат постојано нервозни, несреќни или кои се премногу срамежливи;
- Ученици со физички недостатоци;
- Ученици со деликвентно однесување, како кражба, вандализам, скитање итн;

[21] Трнавац, Н. (1996). Педагог у школи. Београд: Учитељски факултет, стр.172

- Ученици кои не можат и не сакаат да профитираат во училишната работа ни тогаш кога за нив е преземен соодветен педагошки третман во училиштето;
- Ученици кои треба да направат избор или да донесат одлука;
- Ученици на кои им е потребна помош во реконструкција или интегрирање на системот на вредности;
- Ученици кои постигнуваат слаб успех во училишната работа или кои се можни повторувачи;
- Ученици кои доаѓаат од културно и економски заостанати семејства. [22]

За да се постигне тоа, педагогот прво ги утврдува причините кои условиле одредени посебности кај учениците. Тие најчесто произлегуваат од:

- Самиот ученик – неговите општи и посебни способности, особини на личноста, психички растројства, интереси, физичка и здравствена состојба на ученикот итн;
- Училиштето – недоволната материјално техничка опременост, нивото на организација на училиштето и наставата, во рамките на тоа, примена на соодветни методи, средства, форми т.е. нов современ модел на организација на наставата кој овозможува почитување на учениковата личност, неговите можности, односите во училиштето, уредноста на внатрешноста и надворешноста на училиштето и сл;
- Наставникот – неговата оспособеност за современ начин на работа и прилагодување на наставата и другите активности на можностите, способностите и интересите на ученикот, познавање на развојните карактеристики на ученикот, начинот на комуницирање со учениците и сл;
- Семејството – материјално – економските прилики, образованието на родителите, условите за живот и работа на семејството, социјалниот статус, бројот на членовите на семејството, преамбициозноста на родителите во однос на постигнувањата на своите деца, од една страна и потполна незаинтересираност за животот на детето на училиште од друга страна, ставовите на родителите во однос на образованието и примената на воспитни мерки итн;

[22] Стојановска, В. (2004). Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагог и наставниците. Скопје: Форум. стр.124

- Општествената средина – стандард на средината и социјалните групи, културен амбиент, социјално милје и др.[23]

## 4. Подрачје на индивидуална и групна советодавна работа

При реализација на советодавната работа често се јавува прашањето која форма на советодавна работа е поефикасна. Има одредени ситуации во кои е посоодветна примената на индивидуална советодавна работа а во одредени ситуации групната советодавна работа. Во продолжение ќе ги наведеме тие ситуации.

### 4.1. Подрачје на индивидуална советодавна работа

Индивидуалната советодавна работа се применува во следниве случаи:

а) Кога ученикот има проблеми кои се комплицирани и според причината која ги предизвикува и по можните педагошки решенија кои можат да се дадат во даденото време;

б) Кога е потребна доверба која ќе го штити ученикот и другите кои се поврзани со проблемите кои се решаваат;

в) Кога не може со тестови да се добие она што е потребно за советодавна работа со поединец;

г) Кога постои страв од група и изнесување на својот проблем пред поголем број на луѓе;

д) Кога поединецот е неспособен да се вклучи во група на врсници и кога постои можност групата да го отфрли пред да го прифати како свој рамноправен член;

---

[23] Стојановска, В. (2004). Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагог и наставниците. Скопје: Форум, стр.126

ѓ) Кога свеста и разбирањето на своите чувства, мотивација и однесување се ограничени или пак се комплицирани до таа мера што не би биле сфатени и прифатени во група;

е) Кога станува збор за сексуално однесување, особено девијантни појави на сексуалното однесување;

ж) Кога поединецот има потреба да се почитува и прифаќа неговата личност, што е до таа мера изразена да не може да биде задоволена во рамките на колективната работа.[24]

Ова се условно земени проблеми и ситуации во кои може да се очекува подобар успех на индивидуалното во однос на групното советување. Гледано во целина, учениците кои имаат интимни проблеми, кои направиле прекршок кој би можел јавно да ги компромитира и оние кои имаат потешки емоционални пореметувања подобро ја прифаќаат советодавната работа во " четири очи " отколку во присуство на други, па и доколку тие имаат слични проблеми.

## 4.2. Подрачје на групно советување

Во процесот на групната советодавна работа најдобри ефекти се постигнуваат во следниве подрачја:

а) Се учи подобро разбирање на разликите на другите и се осознава како другите гледаат на светот околу себе;

б) Се создаваат услови за поголемо почитување на другите луѓе, а особено на оние кои во многу нешта се разликуваат;

в) Се стекнуваат социјални способности кои се битни за комуникација и однос со врсниците во група;

г) Се учи земање на учество во различни активности и се стекнува чувство на припадност во групата во која поединецот се чувствува сигурен, прифатен и почитуван;

[24] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za ubedžnike i nastavna sredstva Svjetlost, стр.69

д) Во група во која членовите имаат исти или слични проблеми, поединецот слободно расправа за проблемите кои ги има, вредностите кои ги прифаќа и идеите кои го преокупираат;

ѓ) Групната советодавна работа му дава можност на поединецот, за својот проблем да добие мислење од другите;

е) Поединецот во групата добива подршка од своите врсници, за своите ставови и мислења, што за него е позначајно отколку да добие подршка од повозрасните;

ж) Групната советодавна работа на секој член во групата му дава можност да добие повеќе време со училишниот педагог и да ги согледа неговите реакции за проблемите во групата со која работи;

з) Во групната советодавна работа поединецот има можност да се вклучува во групните процеси и да се исклучува доколку расправата е досадна или пак се расправа за нешто што не го интересира;

ѕ) Групната советодавна работа на училишниот педагог му дава можност поединецот да го набљудува во услови на колективни активности.[25]

## 4.3. Подрачје на групно и индивидуално советување

Малер ги наведува педагошките проблеми кои можат успешно да се решат и со индивидуална и со групна советодавна работа. Во следниве подрачја индивидуалното и групното советување имаат иста вредност и за оној кој советува и за оној кој е советуван.

1. Прифаќање на поединецот како личност која вреди да биде прифатена од страна на поединецот и групата;
2. Развивање на одговорност за сопствените облици на однесување кои се манифестираат во комуникацијата со другите;

[25] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za ubenike i džnastavna sredstva Svjetlost, стр.71

3. Подлабоко разбирање на човечкото однесување кое поединецот го манифестира во разни ситуации;
4. Се создаваат услови за испитување на различни варијации на емоционалниот живот на поединецот и се стекнува поголема доверба во можноста за контролирање на емоциите;
5. Се креираат услови во кои личноста стекнува доверба и поголема сигурност во својата социјална перцепција;
6. Се стекнува сила за изградување на индивидуалноста во насока во која личноста има можност да се развива;
7. Постојат услови да се испитуваат интересите и вредностите на поединецот со цел да се интегрираат во заедницата во која припаѓа. [26]

Обично во процесот на групната советодавна работа се случува поединците да стекнат уверување дека за некои значајни прашања кои се однесуваат само на нив им е потребно индивидуално советување во "четири очи". Во тој случај педагогот на поединецот од групата треба да му овозможи индивидуално советување.

Исто така во процесот на индивидуалната советодавна работа се случува ученикот и педагогот кој ја изведува советодавната работа, да дојдат до уверување дека проблемот поуспешно би се решил во група со исти или слични проблеми. Тогаш се препорачува групно советување.

Индивидуалната советодавна работа има предности во процесот на дијагностицирање на проблеми во структурата и однесувањето на личноста, при решавање на интимни и деликатни проблеми на ученикот, проблеми кои поради објективни и субјективни причини не можат да се расправаат во група и во ситуации кога советодавната работа со поединец е подготовка за групна советодавна работа.

За успешно изведување на индивидуална советодавна работа потребно е добро познавање на психологијата на личноста, психолошката структура на личноста на кого е наменето советувањето, процедурите, техниките и инструментите на советодавната

[26] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za ubedžnike i nastavna sredstva Svjetlost, стр.72

работа. Овие барања наговестуваат за суптилноста и деликатноста на индивидуалната советодавна работа.

Индивидуалната советодавна работа која се изведува за решавање на интимни проблеми на личноста бара доста време, а постојниот норматив воопшто не го уважува тој факт, така во пракса се случува советодавната работа со поединец да се изведува без доволно запознавање со проблемите, без доволно запознавање со потешкотиите со кои се соочува поединецот при што процедурите и техниките на советодавната работа не се применуваат доследно.

Често се среќаваме со мислењето дека советодавната работа се однесува на изведување на разговор со поединецот и давање дијагноза за неговиот проблем. Со ова советодавната работа се сведува на нејзината потесна дијагностичка и терапевска функција, а не на нејзината поширока педагошка функција. Советодавната работа со поединец и група е оправдана само доколку ја има својата поширока педагошка функција.

Според Малер, индивидуалната и групна советодавна работа треба да се комбинираат доколку: во групата настанат несогласувања и проблеми кои можат да се решат само индивидуално, кога поединците во групата манифестираат облици на однесување кои ги нарушуваат и оневозможуваат групните процеси, кога стручњакот кој ја изведува советодавната работа влегува во конфликт со поединецот и кога тој конфликт може да се реши индивидуално, кога поединците сакаат во "четири очи" да ја проверат оправданоста на својата работа во група и кога сакаат да слушнат совет од стручњакот дали може пред групата да ги изнесе сите свои проблеми.[27]

Во педагогијата е прифатено мислењето дека индивидуалната советодавна работа и помага на личноста да научи како да ги решава своите животни проблеми, на кој начин поуспешно да комуницира со другите и пореално да ја согледува својата положба во група и општествената средина на која и припаѓа.

Индивидуалната советодавна работа е ефикасна при: решавање на проблеми на пониска вредност, соочување со потценување или преценување на сопствената личност,

[27] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za ubedžnike i nastavna sredstva Svjetlost, стр.72

ослободување од неоправдан страв, согледување на последиците од одбрамбени механизми, појави на параноидни тенденции и чести фрустрации кои го нарушуваат нормалното однесување на личноста. И во овие случаеви може да се комбинира индивидуална и групна советодавна работа при што индивидуалната и претходи на групната.

### 4.4. Предности и ограничувања на групното советување

Според Бој и Пајн групното советување е поефикасно и поекономично отколку индивидуалното. Според Росберг и Џекинс пак, индивидуалното советување претежно се користи во терапевски цели. Меѓутоа индивидуалната советодавна работа има слабости при остварување на некои советодавни цели, како што се неприродноста и недоволната ефикасност. За отстранување на овие слабости на индивидуалната советодавна работа се применува групна советодавна работа.

Според Олсен групната советодавна работа не е обичен разговор во социјална група, туку разговор во кој искрено се говори за себе и другите луѓе кои се значајни во нивниот живот. Членовите на групата внимателно го слушаат поединецот и го поттикнуваат да зборува за проблемите кои го мачат, што му овозможува на педагогот советодавните групи да ги формира од оние ученици кои имаат исти или слични проблеми. На тој начин на поединецот му се дава можност пообјективно да се процени себе си, ситуацијата во која се наоѓа, начините како полесно да се соочи со своите проблеми и да види што мислат другите членови на групата во однос на тоа. Така поединецот од една страна, ги изнесува своите проблеми, го покажува патот и начините за негово решавање, и бара совет од групата за да му помогне, а од друга страна учествува во расправите за проблемите на другите и дава предлози за решавање на нивните проблеми со што учествува во решавањето на своите проблеми и проблемите на групата како целина.

Според Кемп групното советување подразбира педагошко функционирање на групата каде што се надминува егоцентризмот кон групата, активноста се насочува кон решавање на проблемите на поединецот во рамки на групата, егоизмот се сведува на

минимум, се развива одговорност за активноста на групата и за одлуките кои групата ги донесува за поединецот и групата. Во однос на практичните односи се третира она што поединецот може да го направи за групата и што групата може да направи за поединецот, се развива социјалната сензибилност за процена на она што е добро и исправно за другите.[28]

Советодавната работа ја поттикнува групната динамика, спремноста на поединецот да соработува во група, убедувањето дека групната соработка има смисла за поединецот, сфаќањето дека со групата може да се споделат сопствените мани и доблести и дека членовите на групата тоа правилно ќе го сфатат, уверувањето дека групата може да му даде помош на поединецот доколку искрено и потполно соработува со другите членови на групата и сфаќањето дека групата допринесува за сигурноста на поединецот.

Покрај наведените предности, групната советодавна работа има и одредени недостатоци. Некои од тие недостатоците се:

1. Тешко се формираат групи кои се воедначени според главните параметри битни за советодавната работа;
2. Поеднинците тешко се вклучуваат во групните активности, често не можат да се идентификуваат со групата и емоционално да ги прифатат колективните односи;
3. Групните дискусии може да го вознемират поединецот или да го поколебаат во убедувањето дека групата сака да му помогне и така кај него да предизвикаат потреба да се "затвара" кон групата;
4. Групата може негативно да се солидаризира со поединецот поради тоа што тој се прикажува како жртва на лошата атмосфера во училиштето или жртва на наставниците кои не го сакаат, и со тоа да ја доведе во прашање педагошката смислата на советодавната работа;
5. Дискрецијата е помалку загарантирана во група отколку при индивидуална советодавна работа па тоа често го кочи поединецот отворено и искрено да зборуваат за себе. Тоа е особено изразено кога се во прашање морални, сексуални или пак психолошки проблеми на личноста;

[28] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za ubedžnike i nastavna sredstva Svjetlost, стр.74

6. Како ограничување на групната советодавна работа може да биде и начинот на водење на групата. Така некои истражувања кои ги воделе Липид, Вајт, Фландерс и Андерсон покажуваат дека автократското и лесефер водењето на група неповолно влијаат врз советодавната работа а демократското водење позитивно влијае на советодавната работа;
7. Успехот на групното советување зависи и од тоа колку и како е прифатен оној кој ја води советодавната работа, пред сѐ од тоа дали тој има верба во луѓето, дали е емпатичен кон учениците, дали демократски го води процесот на советодавната работа и дали адекватно ги користи процедурите и техниките на педагошката советодавна работа;
8. Може да се очекува топлината на меѓучовечки односи да биде послаба во група отколку кога советникот и ученикот постојано би биле насочени еден кон друг;
9. Доколку во групата се најдат ученици чие однесување во училиштето е екстремно лошо, може да се случи тие вербално да го прифаќаат она што го зборува педагогот а во суштина кај нив ништо да не се менува, и на крајот да кажат дека само ги одглумеле улогите кои им биле доделени;
10. Групната советодавна работа подразбира слободно изразување на личноста која може неадекватно да биде искористена па дури и злоупотребена доколку групата нема социјална зрелост;
11. Групната советодавна работа е поуспешна доколку при нејзината реализација постриго се почитуваат условите во кои учениците живеат и работат, нивната хронолошка и ментална возраст и специфичноста на проблемот кој е предмет на расправа на членовите на групата.[29]

[29] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za ubenike i džnastavna sredstva Svjetlost, стр.75

## 5. Методи на советодавна работа

### 5.1 Разговор

Успешната воспитно-образовна работа со ученици се базира на познавањето на ученикот што е претпоставка за педагошко влијание на неговиот развој. Помеѓу запознавање на ученикот и педагошкото влијание нема остра граница, па затоа се важни и методите кои се применуваат во тој педагошки процес. Така на пример, штом разговараме со ученикот ние го запознаваме, а истовремено влијаеме врз него, го насочуваме или пак го корегираме неговото однесување. Без оглед на тоа колку педагогот е оспособен за разговор со ученици тој релативно често го применува разговорот во својата работа. Педагогот разговара со учениците за нивните проблеми, дилеми, успеси и сл. Разговорот е најелемнтарен и најприроден а воедно и најчест начин на комуницирање во училишната средина. Па затоа педагогот треба да се усовршува за успешно и стручно водење на разговор кој во училишната средина добива педагошко обележје.

За педагошко водење на разговор потребно е предзнаење за водење на разговор како и вештина за водење разговор. Доколку разговорот се води со претходно поставена цел, познато е дека тоа не е така едноставна активност како што изгледа на прв поглед и не ретко не ги дава очекуваните резултати. Ако се претпостави дека ученикот треба да даде соодветни објаснувања за постоечките форми на однесување, во текот на разговорот му се даваат такви информации кои му помагаат даденото однесување да го согледа од своја перспектива. Успехот на разговорот ќе зависи и од тоа колку педагогот целата ситуација ќе ја согледа со "очите" на ученикот.

Природата и начинот на водење на разговорот зависи од педагошките, емоционалните, социјалните и тематските аспекти на проблемот.

Најчести причини за советодавен разговор се:

- Слаб успех;
- Изразени потешкотии во одреден предмети;
- Потешкотии во одредени предмети;
- Наставникот не го разбира однесувањето на ученикот;

- Здравствени пречки;
- Амбиции над можностите на ученикот;
- Амбиции под можностите на ученикот;
- Успехот на ученикот е послаб од неговите способности;
- Ученикот има посебни способности кои не се искористени;
- Семејни проблеми кои се рефлектираат врз успехот на ученикот,
- Друштво и дружење кое неповолно влијае врз ученикот;
- Кај ученикот се јавуваат потешкотии во социјалните односи;
- Ученикот е во конфликт со повеќето ученици во одделението или пак со наставникот;
- Има премногу неискористено време;
- Избор на училиште или професија;
- Преголема самосвесност;
- Преголема повлеченост;
- Ученикот има некоја функција во одделението;
- Ученикот сам сака да разговара со педагогот. [30]

Како најчести сугестии кои се даваат за водење на разговор се следниве:

- Индивидуалното советување е составено од двајца и тоа едниот кој има проблем што треба да се реши (ученикот) и вториот кој е во положба да помогне во решавање на проблемот (педагогот);
- Преку советодавниот разговор се добиваат информации, се даваат информации и се менуваат ставовите и однесувањето;
- Педагогот треба да му се обраќа на ученикот по име;
- Советувањето се започнува со воспоставување на добри односи т.е треба да се создаде поволна атмосфера;
- Педагогот треба да се чувствува пријатно доколку сака и самиот ученик да се чувствува така;
- Секогаш кога постои можност случајот треба да се проучи пред разговорот;

[30] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр.134

- Информациите кои ги има педагогот за проблемот на ученикот поволно влијаат на резултатите од разговорот;
- Стравот може да го спречи ученикот да се "отвори" ;
- Педагогот кој сака да биде ефикасен советник треба да помине низ процес на самооспособување;
- Педагогот мора да применува интроспекција која му сугерира како да го започне и заврши разговорот;
- На ученикот треба да му се овозможи премин од тоа дека нешто не е во ред кон препознавање на својот проблем;
- Педагогот треба да му помогне на ученикот да го одреди својот проблем;
- Ученикот треба да се поттикне кон решавање на својот проблем;
- Педагогот треба да биде стручњак за слушање што доаѓа до израз во разговорот;
- Педагогот треба да избегнува поставување на прашања се дури ученикот не биде подготвен да одговара на нив;
- Педагогот треба да се ограничи на прашања кои ќе му овозможат на ученикот јасно да го воочи својот проблем и да направи план за негово решавање;
- Доколку е возможно речиси секогаш педагогот треба да почека да ги дознае фактите пред да донесе одлука;
- Ученикот треба да биде запознаен со повеќе извори на помош;
- Ученикот треба да ги користи изворите на помош кои му се понудени;
- Не се препорачува решавање на проблемот само со еден разговор;
- Педагогот секогаш мора да има хартија за бележење на евентуално важни информации;
- По завршување на разговорот педагогот секогаш мора детално да го опише случајот;
- Педагогот треба да остави време за повторно проучување на случајот и евентуално консултирање со други лица (наставник, психолог, лекар итн.), пред да даде совет;
- Пожелно е претходно точно да се одреди терминот за следниот разговор;
- Педагогот треба да му остави простор на ученикот самиот да побара да разговара со педагогот доколку има потреба;

- Доколку ученикот не сака да дојде во договорениот термин за разговор, треба да го потсети (доколку заборавил) или да го повика друг пат;
- За педагогот нема завршени случаи бидејќи потребата за советување може да се јави и по една или две години;
- Педагогот треба да ги анализира своите навики со цел да намали лошо влијание врз ученикот;
- Понекогаш педагогот по разговорот треба целосно да го забележи случајот по завршување на разговорот;
- Педагогот треба да го анализира својот глас за да биде сигурен дека е пријатен;
- Педагогот мора да има постојано работно време (доколку е возможно) за итни случаи;
- Потребен е искрен разговор за проблемот.[31]

### 5.2 Набљудување

Набљудувањето во училишна средина е најплодна метода за проучување на ученикот. Пред сѐ тоа е наменето за идентификување на различни потешкотии, анализирање на различни потешкотии, анализа на проблеми во однесувањето на ученикот, утврдување на социјални особини како и утврдувње на успехот во развојот на ученикот. Во праксата на училишниот педагог и во неговата соработка со учениците, набљудувањето е основа за проценка без тестови бидејќи набљудувањето има несомнена вредност за сите кои работат со него.

Запознавањето на ученикот преку набљудување најчесто е ограничено на организирани активности во рамките на училиштето. Затоа покрај наставата ученикот се набљудува за време на слободните активности, продолжениот престој во училиште, спортски натпревари итн.

[31] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр.135

Однесувањето на ученикот може да се набљудува во зависност од тоа како го поминува времето (организирано, полуорганизирани или слободно).

Најчесто се спомнуваат:

а) однесување спрема соучениците и кон другарчињата воопшто;

б) однесување спрема наставниците и постарите воопшто;

в) однесување спрема себе си;

г) однесување спрема предметите;

д) однесување спрема вредностите.[32]

Зависно од ситуацијата во која се наоѓа ученикот може да се менува и неговото однесувањето, па затоа одредување на типично однесување врз основа на една или недоволен број на ситуации е неправилно. Така на пример, заклучокот дека еден ученик е иницијатор само врз основа на однесувањето во наставата може да биде сосема погрешно. Таквиот ученик вон наставата или други организирани ситуации може воопшто да не покажува иницијативност. Меѓутоа тоа не значи дека набљудуваното однесување во одредена ситуација и заклучоците во врска со таа ситуација немаат вредност за запознавањето на ученикот, туку дека ученикот треба да се набљудува и запознае во најразлични ситуации за да се добие целосна слика за него. Така тој треба да се набљудува за време на спортување, прошетки, игри, одмори итн. Сите тие набљудувања треба да дадат конкретни податоци кои ќе овозможат проценување на социјалните карактеристики на ученикот и тоа во однос на следниве карактерситики:

а) Подготвеност за комуникација: потребно е да се утврди дали ученикот се однесува пријателски или непријателски спрема другите ученици, дали е осамен, подготвен за контакти, тежнее кон потпора, дали е резервиран, повлечен итн;

б) Прилагодливост: попушта, се губи во масата, водич, тежнее за власт, сака да се потврди, своеглав итн;

[32] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр.138

в) Внимателен спрема другите: внимателен, невнимателен, полн со љубов, груб, приврзан, го менува односот спрема другите ученици, ги менува другарите, пресметлив итн;

г) Допринос за групата: активен, подготвен да направи нешто за другите, допушта другите да го водат, критизира, напаѓа, прави интриги, озборува, доверлив, подготвен за помош и жртвување. [33]

На овој начин можат да се утврдат особините кои најадекватно ги одразуваат најразличните видови на однесување ( спрема другите, себе си, предметите). И покрај тоа оценувањето на однесувањето на ученикот врз основа на набљудување бара темелно проучување и на други податоци кои ги имаме за ученикот. Затоа треба да се обрне внимание на следново:

1. набљудување на специфични начини на однесување,
2. стекнување на информации за претходните и сегашните информации на ученикот ( социјалната положба, семејната состојба итн.),
3. критичко и внимателно изведување на заклучоци за релативно константните начини на однесување врз основа на проучување на различни начини на однесување на ученикот,
4. толкување на констатни облици на однесување предизвикани од надворешни или внатрешни влијанија. [34]

Ефикасно набљудување, вклучува, разбирање на можно однесување на поединецот во одредени ситуации. Ниту еден набљудувач не може потполно да перцепира одредени ситуации, значењето кое критичниот настан го има за поединецот, фактите кои стојат зад ученичките активности, ставовите и емоциите поврзани со реакцијата. Во овој поглед нема разлика помеѓу секојдневно набљудување во училиштето и набљудување во научни цели. Од општа важност во двата случаи е развојот на способноста за утврдување на факторите кои предизвикуваат одредено однесување и точно опишување на начинот на кој набљудуваната личност реагира во дадена ситуација.

[33] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр.139

[34] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр.139

Нема полесен или потежок начин на набљудување за оној кој набљудува. До пристрасност, на пример, може да се дојде поради тоа што набљудувачот не ја сфаќа својата ограниченост во набљудувањето или затоа што не е свесен. При пристрасно набљудување набљудувачот тежнее да им ги препише на другите своите начини на однесување. На пример, авторитетен наставник или педагог искреноста на ученикот може да ја протолкува како непристојност или пак набљудувајќи ученик кој не се согласува со него може да заклучи дека тој сака да доминира и сл. Набљудувањето бара способност за објективно вреднување на тоа што се набљудува како и свест за личните чувства и однесување. Ако на набљудувачот му недостасува објективност во известување за однесувањето такво какво што е навистина, тогаш тоа набљудување не е корисно.

Набљудувачот се среќава и со проблеми на прерано заклучување. На пример, ученикот на одреден предмет е повлечен, а на друг може да го сретнеме како води расправа. Значи за да се увериме во природата на однесувањето на ученикот треба да направиме повеќе набљудувања во различни ситуации и во различно време. Така набљудувачот не само што собира повеќе податоци, туку создава поточна, репрезентативна и посодржајна слика за ученикот.

Погрешната интерпретација на однесувањата и неточното известување ги искривуваат резултатите од набљудувањата. Личните искуства, интереси и очекувања на набљудувачот можат да ја изменат неговата перцепција на однесувањата бидејќи секој тежнее светот на другите да го види онака како што самиот го доживува. Така, искуството во набљудување им овозможува на наставниците и педагозите разните случувања да ги перципираат со поголема објективност.

Посебно е корисно брзото и точно перцепирање. Тоа се постигнува доколку претходно се утврди:

а) Пред набљудувањето треба да се одреди што ќе се набљудува, поточно која е целта на набљудувањето;

б) Најдобро е да се набљудува еден или најмногу два ученика, бидејќи само искусен набљудувач може истовремено да набљудува два или повеќе ученика со висок степен на точност;

в) Треба да се трага по значајното однесување, бидејќи она што е значајно не секогаш се манифестира во периодот кога го следиме случувањето;

г) Набљудувањето се проширува во текот на училишниот ден. Почести и пократки примероци на времето на набљудување често даваат поточен и појасен опис на однесувањето на ученикот, отколку подолгото набљудување без прекин;

д) Во текот на набудувањата треба да се увежба водењето на кратки и разбирливи белешки, а доколку забележиме дека тоа го намалува вниманието на ученикот тогаш позначајните моменти треба да се забележат веднаш по набљудувањето. [35]

Треба да се истакне дека набљудувањето се потпира на бројни техники за собирање на податоци за учениците. Секој прашалник или скала на проценка бара податоци кои се засноваат на набљудувањето, независно дали се организирани во контекст на прашањата во овие инструменти или се пополнуваат по сеќавање на ситуациите кои биле набљудувани.

Затоа употребата на наведените инструменти истовремено е и примена на системот во набљудувањето кој е одреден со прашања односно категории и особини кои се во тој инструмент назначени.

### 5.3 Анегдотски белешки

За проучување на ученикот, од особена важност е економично и ефикасно собирање на податоци преку анегдотски белешки. Иако педагогот ретко се служи со оваа техника, добро е да ја познава бидејќи така ќе оствари подобра соработка со наставниците при собирање на податоците како и поголема искористеност на податоците.

Анегдотските белешки се засноваат на набљудувањето. Поради тоа се разликуваат два основни типа на набљудување: набљудување со бележење и набљудување без бележење. Анегдотските белешки спаѓаат во вториот вид на набљудување.

[35] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр.140

Анегдотските белешки се специјализирана форма на набљудување преку кој се опишува однесувањето на ученикот во рамките на чести и кратки опсервации, а се состојат од опишување на важни случувања кои наставникот ги запишува за карактеристични облици на однесување на ученикот во оделението и надвор од него.

Битни карактеристики на анегдотските белешки се:

1) анегдотските белешки се објективни и фактички,
2) анегдотските белешки се кратки и опишуваат само една случка,
3) водењето на анегдотските белешки е перманетно и кумулативно,
4) анегдотските белешки се дескриптивни. [36]

Различни се ставовите околу тоа дали интерпретацијата на забележаните случувања е дел од анегдотските белешки, бидејќи пообјективо е интерпретацијата да се направи по низа на анегдоти. Исто така како битен момент се истакнува тоа, набљудувачот да разликува бележење на случувања од бележење на мислења за причини, околности за одредено однесување. Доколку тоа се разликува се забележува и случувањето и толкувањето.

Наставникот има бројни непосредни контакти со учениците и тоа многу почесто од педагогот. Тој има можност да ги набљудува учениците во разни ситуации во кои постојано се менува нивното однесување. Ако наставникот е внимателен набљудувач може многу за сознае и забележи за учениците.

Кратките белешки за случувањата за одредени ученици кои се случуваат во секојдневните училишни ситуации се корисни токму поради реткоста на тие случувања.

Секој наставник треба во текот на денот да планира дел од времето кое ќе му биде наменето за бележење на анегдоти. Но и покрај тоа тешко е да се острани можноста наставникот да го заборави случувањето или да биде пристрасен доколку бележи по подолг период. Поради тоа често се дава предност на спонтаното во однос на планираното

[36] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр.141

набљудување и бележење. Затоа се дава можноста за избор на самиот наставник зависно од тоа дали му е поедноставно спонтано да ги бележи случувањата веднаш откако ќе се случат или пак бележењето ќе го прави во претходно планирано време. По правило ги води наставникот со помош на педагогот. Тоа на педагогот и наставникот им овозможува заеднички да ги користат информациите, а исто така собраните информации ќе им помогнат и на другите наставници подобро да ги запознаат учениците и да го следат нивниот развој и напредување. Обрасците за собрање на податоци треба да ги содржат следниве информации: име на ученикот, одделение и дата, опис на околината, опис на случувањето и име на набљудувачот. Обрасците можат да имаат и простор за коментар на набљудувачот, препорака и интерпретација.

Иако е корисно да се водат белешки за сите ученици, наставникот во договор со педагогот ќе води анегдотски белешки само за одредена група на ученици и тоа повремено.

Предности на анегдотски белешки:

1) Анегдотските белешки даваат најразлични информации во врска со спонтаното однесување на ученикот во различни ситуации и така допринесуваат за сфаќање на личноста на поединецот;
2) Нејасните општости ги заменува со специфични и егзактни описи на личноста.
3) Го насочуваат вниманието на наставникот кон поедини ученици;
4) Ги поттикнуваат наставниците да применуваат белешки при развој на воспитни стратегии;
5) На наставниците им се олеснува одредување на значајните особини на учениците и се создава основа за сложено проценување;
6) Го потикнува интересот на наставниците за училишните проблеми на кои укажуваат збир на анегдоти;
7) На педагогот му нудат информации кои му се потребни во планирањето (подготовка) на разговорот со поедини ученици;
8) Нудат податоци за учениците кои самите тие можат да ги користат за проценка на себе си. За тоа кои информации ќе му се покажат на ученикот внимателно ќе одлучат педагогот и наставникот;

9) Со анегдотските белешки меѓусебните односи помеѓу ученикот и педагогот се подобруваат, бидејќи тие на ученикот му покажуваат дека педагогот го познава, а со тоа ги познава и неговите проблеми;
10) Анегдотските белешки помагаат при обликување на програми за помош и поттикнуваат активирање на ученикот во додатните активности;
11) Анегдотските белешки им помагаат на учениците за пројавување на интерес за учење;
12) Преку анегдотските белешки се добиваат информации кои користат при изработувањето и менувањето на програмите;
13) Одредени анегдоти се користат и за давање насоки на ученикот при премин во друго училиште;
14) Новите наставници можат да ги користат белешките за подобро да се запознаат со учениците;
15) Квалитативните тврдења од анегдотските белешки се дополнуваат со квантитативни податоци;
16) Збир од анегдотски белешки може да даде вредни податоци за изработка и пополнување на разни инструменти на проценка;
17) Анегдотските белешки помагаат и при клиничка обработка, доколку ученикот го праќаме на лекар или разни советувалишта поради посебно третирање на неговиот проблем.[37]

Педагогот, наставникот и ученикот имаат корист од набљудувањето и анегдотските белешки и тоа:

а) добиваат повеќе информации за развојот на поединецот,

б) наставникот станува подобар набљудувач и интерпретатор на однесувањето на ученикот,

в) ученикот сфаќа дека училиштето и наставниците се интересираат за него.[38]

[37] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр.146

**5.4 Анкета**

Анкетата е мошне применуван инструмент за проучување на одреден ученик, мошне е омилена и речиси да нема училишен педагог кој не ја применувал. Меѓутоа понекогаш се претерува во применувањето на овој инструмент и затоа резултатите добиени по пат на анкета стануваат помалку доследни.

Карактеристикоите на анкетата се воочуваат во нејзините предности и недостатоци. 1) Со анкетата, разновидните и бројни особини во едно однесување, односот кон појавите и ставовите се редуцираат на малубројни, еднозначни обележја, а благодарејќи на прашањата постои и содржајно единство во форма на анкетен лист. Меѓутоа задоволувањето на овие особини создава потешкотии при конструирање на анкетниот лист. 2) Пополнувањето на анкета го олеснува патот до информации. Понекогаш за да дојдеме до одредени информации треба да вложиме многу напор. Но покрај овие заштеди на време доколку во анкетата не се опфатени сите карактеристики остануваат непознати многу релевантни факти, ставови и мислења. 3)Запознавањето на ученикот преку анкета подразбира одговори независно од јазичните способности што од друга страна го отежнува богаството на изјави во одговорите. 4)Економичноста на анкетата е поврзана со одговорите на учениците на поставените прашања. Меѓутоа иако се работи за запознавање на ученикот не е доволно учениците за зборуваат сами за себе па затоа анкетата често треба да ја пополнат наставниците и родителите. [39]

---

[38] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр.1

[39] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр. 147

### 5.5 Скали на проценка

Проценката на секој ученик е појдовно начело за понатамошно педагошко влијание засновано на пообјективно вреднување на ученикот и неговите постигнувања преку набљудување. Па така, се настојува да се стандардизираат проценките на вредности, така што одредена особина се вреднува со степенување на судови за неа.

Со скалите на проценка се прави постепено проценување засновано на набљудување. Одредените особини на појавата добиваат мерен израз (бројчан, графички) со кој се утврдува присутноста на некоја особина, појава или пак настан при што се утврдува и интензитетот. Така, преку скалата на проценка, најчесто се утврдува и степенот на присутност на одредената особината. На пример, ако се проценува самостојноста како особина тогаш скалата на судови се движи од едвај забележителна самостојност до високо изразено ниво на творештво.

Оваа скала придонесува за запознавање на ученикот бидејќи е соодветна за проценка на неговите особини. Дури и тогаш кога не се применува скалата на проценка, наставниците своето мислење го изразуваат во вид на судови. Така, во секојдневната пракса наставниците имаат свои индивидуални скали поради што има несогласување во судовите. Иако несогласувањето во проценките се јавува и со користење на инструменти, тоа е многу поизразено кај недефинираните степени на проценка.

Секој наставник различно гледа одреден ученик а тоа значи и дека секој наставник различно воспитно ќе влијае врз ученикот.

Во скалата за проценка се обединуваат судовите на различни проценители а со тоа се намалува можноста за екстремно оценување на ученикот. Значи основно правило е да има повеќе проценители, и тоа најмалку три а не повеќе од седум. Постојат повеќе скали на проценка кои се применуваат во училишната пракса:

1. Нумеричка скала
2. Дескриптивна скала
3. Графичка скала

4. Комбинирана скала
5. Споредување на парови [40]

### 5.6 Самонабљудување

Како ученикот ја оценува својата личност зависи од: карактерот, емоциите и односот кон околината.

Во праксата се среќаваме со две грешки, и тоа: потценување и преценување. Неправилната претстава на детето за самото себе најчесто е резултат на родителите или пак наставниците кои го проценуваат детето во целина а не врз основа на одделни постапки.

Добивање на пониска оценка за себе може да биде различно. Чуствувајќи ја својата непотполна оценка ученикот може да привлече внимание со немирност на часот, бегање на одморите, демонстрирање на непослушност, немотивирано дрско однесување. Во друга крајност таквиот ученик сака да добие симпатии од тие што го опкружуваат. Таа потреба да им се допадне на сите, за жал не е помалку опасна од покажување на грубост.

Кога ученикот ќе се увери во неуспешноста на своите обиди да се здобие со општо признание, се повлекува во себе, стои на страна, а понекогаш е и невозможно да се стигне до таквото дете. Најискрените постапки на педагогот тој ги доживува како тие да се против него.

Преценувањето произлегува од пофалбите и признанијата и на најмали успеси како и некритички однос на возрасните кон постапките на детето. Детето кое се преценува себе си, порано или подоцна се соочува со суровата реалност, разочарување и конфликти.

[40] Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga, стр.151-159

Самооценувањето се заснова на самопознавање. Тоа е одраз на познавање на самиот себе но и средство за понатамошно запознавање и менување на самиот себе. Способноста за самопроценување постепено се развива кај секој ученик. Потребно е да се влијае врз свеста за себе бидејќи нереално ниското самооценување доведува до појава на несигурност што може да доведе и до страв кон работата. Спротивно од тоа, нереалната висока самооценка може да доведе до неприфаќање на критика. Двете крајности негативно влијаат врз развојот на ученикот.

Самооценувањето добива посебно обележје при споредување со оценката на некој друг. Таа појава е карактеристична за училишната средина каде што е многу честа појава несогласувањето во оценката на наставникот и самооценувањето на ученикот што доведува до скриени и отворени конфликтни ситуации. Така, до скриен конфликт доаѓа кога оценката на наставникот ја надминува самооценката на ученикот а отворен конфликт кога самооценувањето на ученикот ја надминува оценката на наставникот.

Резултатите од самопроценката на ученикот ќе се споредат со оценката на наставникот. При тоа не е битно само да се направи корекција на оценката на наставникот со оценката на ученикот или обратно, или пак да се изведе некоја средна вредност. Мошне е битно од тие отстапувања да се дојде до критериумот и сфаќањето на наставникот и ученикот. Покрај настојувањето да се променат одредени усвоени особини, тие може да бидат резултат на разлика во вреднување на таа особина. Така на пример, ако наставникот одредена особина ја оценува како неразвиена а ученикот како просечна или надпросечна може да не доведе до заклучок дека ученикот не настојувал да ја менува таа особина бидејќи бил задоволен од неа. Овие сознанија ќе помогнат за подобро разбирање на ученикот. Исто така, ученикот кој ќе се најде во ситуација да се самооценува станува посвесен за одредени недостатоци што подоцна овозможува поголемо самовлијание.Јурич

## 6. Материјални услови за советодавна работа со ученици

Индивидуалната и групна советодавна работа со ученици се изведува преку истражување, подготовка на материјали, консултирање на стручњаци, користење на различни извори, расположиво време, материјални средства и соодветни простории. Од ова произлегува дека советодавната работа е сложен процес за чие успешно изведување се неопходни соодветни средства и услови. Со оглед на материјалната состојба на образованието кај нас, не можеме да инсистираме на обезбедување на максимални материјални услови за советодавна работа на педагозите со ученици, сепак треба да се обезбеди одреден минимум со кој би се избегнала импровизација и субјективизам во советодавната работа.

Според едно серврј истражување направено 1948 година, главните причини за неуспех во советодавната работа на училишните педагози и психолози се во лошите материјални услови во кои работат, неадекватната положба во училишниот колектив, недостаток на средства, соодветен простор и литература, а не тоа што не се доволно оспособени за својата работа. Секако ова не значи дека тие се совршено оспособени за советодавна работа туку дека тоа не е единствена причина за скромните резултати кои ги постигнуваат во ова подрачје.[41]

Ѓорѓе Лекиќ смета дека за советодавната работа на училишната служба е неопходно да се обезбедат следниве материјални претпоставки:

- Сместување (простор и мебел) во соодветните простории, каде ќе се обезбеди непречена истражувачка работа, пишување и подготовка на материјали, одржување на состаноци и советодавна работа со поединци и група;
- Документација ( за училиштето, наставата, слободните активности, професионалната ориентација, екологијата на факторите на воспитното влијание, работата и развојот на учениците) која служи за организирање, реализирање и вреднување на работата, за рационализација и вреднување на воспитно –

[41] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za u benike i nastavna sredstva Svjetlost, стр. 26

образовната работа, за контрола и управување со процесите и резултатите од педагошката работа во училиштето;

- Библиотека ( снабдена со најзначајни книги, списанија и брошури кои би ги користеле наставниците, соработниците, педагозите, психолозите, родителите и учениците);

- Истражувачки и други инструменти (потребни за анкетирање, интервјуирање, набљудување, евидентирање, тестирање и социометриски мерења) кои се користат во истражување на педагошки феномени, откривање на проблеми во развојот и учењето и решавање на сложени воспитно – образовни проблеми.[42]

Кога овој автор ги утврдувал овие материјални можности, подготвеноста на специјализираните стручњаци да работат со нив, како и можностите на училиштата да ги обезбедат тргнал од фактот да се тргне од минималното и возможно а да се тежнее кон максимално остварливо.

Според овој автор за успешно изведување на советодавната работа реално е училишната служба веќе да има: соодветни простории, документација, библиотека и инструменти.

### 6.1 Простории

Училишната служба за советодавна работа обично има три вида на простории: простории за работа на училишниот педагог и психолог (кои истовремено можат да се користат за индивидуална советодавна работа), простории за советодавна работа со мали групи ( испитување на групата и воспитно влијание) и простории за предавања, семинари, разговори и работа со големи групи. Сите простории за советодавна работа се функционално поврзани, снабдени со соодветен мебел и неопходни средства.

Така на пример, во просторијата каде што се изведува индивидуалната советодавна работа има досиеја на ученици, соодветни инструменти за анализа на случаи, прирачна литература која може да ја користи оној што советува како и оној што е советуван, како личност која бара помош или пак сака да слушне мислење од стручњак за некој свој проблем. Тука се наоѓаат и наставните средства кои може да ги користи педагогот при

[42] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za u?benike i nastavna sredstva Svjetlost, стр.26

анализа на проблемот, презентирање на некоја информација и давање на совети. Функционалноста на мебелот е исто така битна бидејќи со неговото аранжирање се постигнува реализирање на одредени концепти на советодавна работа и васпитно влијание, а воедно, на учениците им овозможува по потреба да изведуваат активности и да се ангажираат во помали или поголеми групи.

При советодавната работа со ученици, педагогот користи посебни средства за професионална ориентација. Покрај книги, списанија и брошури, тоа се слајдови, презентации, слики и други материјали кои им се потребни на наставниците, учениците и педагозите за професионално информирање и насочување .

Училишните педагози мораат да ги имаат на располагање неопходните средства за конкретно запознавање на ученикот со разни видови на занимања, услови и средства за испитување на способности, интереси и надарености, така што на учениците и нивните родители, во просториите на училиштето да им се овозможат соодветни презентации, слики и филмови кои ќе им помогнат подобро да се запознаат со одредени занимања.

Во последните години, во основните училишта се практикуваат презентации на програми по кои работат средните училишта со цел учениците од основните училишта да се запознаат со струките и насоките кои се изучуваат во нивните училишта. Во тој случај, училишниот педагог има за задача, од една страна, да обезбеди услови за презентација на одреденото средно училиште а од друга страна, да ги организира учениците и наставниците од своето училиште, се со цел да се постигне што поуспешно информирање на учениците во изборот на професии за кои што можат да се одлучат.

Доколку пак презентациите се изведуваат во просториите на средните училишта (најчесто тоа се средните приватни училишта), педагогот ги организира заинтересираните учениците и заедно со нив и наставниците ги посетува училиштата.

Во процесот на советодавна работа, понекогаш е потребно да се сними разговорот со ученикот, да се направи анализа на разговорот па потоа да се пристапи кон советодавна работа. Затоа педагогот има потреба од касетофон и касета за снимање или пак некаков друг уред со кој би се снимиле разговорите со ученици. Исто така, при советодавна работа со група ученици се јавува потреба групната дискусија и

однесувањето на учениците да се сними со камера, па затоа педагогот во својот кабинет треба да го има и овој апарат.

### 6.2 Документација

При изведување на советодавната работа со учениците, педагогот решава голем број на сложени и деликатни проблеми, за чие проучивање, разбирање и решавање треба да ја познава училишната документација. Во поширока смисла, во училишната документација спаѓаат: закони, уредби и договори кои се однесуваат на работата на воспитно – образовните институции. Преку нив се запознава дејноста на училиштето. Додека пак наставните планови и програми, програмата за работа на училиштето, распоредот на наставното градиво, правилниците и сл. се документи преку кои се запознава воспитно – образовниот процес, се увидува неговата реализација и предлагаат мерки за унапредувања на наставата и воспитанието. Овие документи се значајни и за вреднување на текот и резултатите од педагошката работа на учениците и наставниците. За советодавната работа со ученици посебно е значајно педагогот да ја има евиденцијата за учениците која што ја води училиштето и одделенските раководители, и тоа: податоци од дневникот, кумулативни досиеја на учениците, писмени работи, ученички творечки творби како и евиденција за одредени ограничувања кај поедини ученици. Доколку постои можност, пожелно е педагогот да има увид и во документацијата за учениците која ја поседуваат родителите, предучилишните институции, здравствените установи, спортските и рекреативните организации.

Документацијата пак, за слободните ученички активности на педагогот му дава информации за тоа со што се занимаваат учениците во слободното време, во кои активности имаат најдобри разултати и доаѓа до израз нивниот талент, а во кои имаат ограничувања, како и за тоа кои доблести и мани ги манифестираат во слободните активности.

Слободните активности и документацијата за слободните активности исти така може да послужат и за професионална ориентација и воспитно влијание во училиштето. Оваа документацијата за професионална ориентација на учениците овозможува увид во интересите кои што учениците веќе ги манифестираат за одредени занимања, дава

информации за општите и посебните способности кои што се испитуваат како и податоци од интервјуа и друг вид на комуникација со учениците.

Од ова произлегува дека училишната документација има значајна улога во запознавањето на: училиштето и процесот на воспитување, текот на наставата и воспитанието, учениците и нивните доблести и мани, наставниците и нивните успеси и потешкотии, семејството и неговата воспитна функција, а сите овие компоненти имаат значајна улога при советодавната работа со учениците.[43]

**6.3 Библиотека**

Библиотеката им служи на наставниците, учениците и родителите па затоа во неа треба да има најразлична литература и тоа: учебници и прирачници по сите наставни предмети, лектири, енциклопедии и речници, педагошки и психолошки дела, методики и андрагогии, уметнички монографии и албуми, значајни дела од областа на општествените науки, природни науки, мајчин јазик, странски јазици, музичко и ликовно воспитание.

Меѓутоа за да се задоволат потребите на денешното современо училиште, училишната библиотека треба да има и: посебна литература за наставниците, книги од различни подрачја кои ги интересираат учениците, литература за општо и педагошко – психолошко образование на родителите и литературтра за советодавна работа со учениците.

Училишната библиотека има значајна функција во реализација на наставниот план и програма, реализација на целокупната програма за работа на училиштето, подигнување на општата и педагошка култура на наставниците и родителите како и стручното усовршување на педагогот и психологот.

Без добро снабдена училишна библиотека не можат успешно да се воведуваат иновации во наставата, да се подигне квалитетот на воспитната и советодавната работа во

[43] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za ubedžnike i nastavna sredstva Svjetlost, стр.27

училиштето како и да се решаваат разни проблеми кои се јавуваат кај учениците во однос на учењето и однесувањето.[44]

### 6.4 Средства за истражување

За успешно реализирање на советодавната работа, педагогот во училиштето прави истражувања со цел подобрување на квалитетот на советодавната воспитна работа. При тоа тој ги користи следниве инструменти:

- Примери од проекти за теоретска анализа, проучување на педагошката и училишната документација, изведување на сервеј – истражувања, концепирање и реализирање на експерименти и проекти за анализа на случаи;
- Инструменти за истражувачка работа, како што се: анкети, прашалници, евиденти листи, скали на процена, чек листи, прашалници за интервју, тестови на знаење, социометриски тестови и др;
- Инструменти за унапредување на советодавната и воспитна работа во училиштето: инвентарни прашалници, прашалници за интервју, скали на судови, дијагностички тестови, тестови на социјална зрелост и социјално однесување, тестови на емоционална зрелост, тестови за професионална ориентација, тестови за испитување на потреби, интереси, вредносни ориентации итн;
- Инструменти за дијагностицирање и решавање на проблеми на учениците, како што се: тестови за испитување на тенденции на деликвентно однесување, фрустрации, нерешени конфликти, склоност кон перверзии, како и други тенденции во развојот на личноста кои преставуваат пречка во комуникацијата со другите луѓе и прифатливите форми на однесување и ограничувања во процесот на наставата и учењето. [45]

[44] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za ubedžnike i nastavna sredstva Svjetlost, стр.28
[45] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za ubedžnike i nastavna sredstva Svjetlost, стр.29

Сите овие инструменти, кои ги користи училишниот педагог треба да имаат соодветни метриски карактеристики, да се конструирани лесно да се пополнуваат, обработат и практично да користат.

Најдобри се оние инструменти преку кои може брзо да се направи увид во состојбата, резултатите се доволна основа за дијагностицирање и превземање на педагошки мерки кои ќе допринесат проблемот да се намали или пак реши.[46]

[46] Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za ubenike i džnastavna sredstva Svjetlost, стр. 26-29

**II ДЕЛ**

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Значење на истражувањето

Советодавната работа се повеќе го завзема средиштето во училишното воспитание. Сите досегашни организациони форми на училиште поаѓаа од интересите на општеството и државата но сега интересот се свртува кон ученикот и неговите потреби, а реализацијата на советодавната работа на педагогот со ученици, како битна карика во работните задачи на педагогот најдобро го поткрепува тоа, бидејќи нејзината смисла е во проучување на животот на ученикот и решавање на неговите реални проблеми.

На одреден начин, советодавна работа остваруваат сите оние кои воспитуваат деца и млади – родителите, воспитувачите, наставниците, директорот на училиштето и други, меѓутоа советодавната воспитна работа која ја обавува училишниот педагог има институционална форма, плански и програмски е предвидена, методички осмислена и се изведува од страна на стручно лице.

Советодавната работа не се однесува само на учениците кои имаат проблеми во учењето и однесувањето, туку и на надарените ученици кои имаат посебни интереси и кои имаат потреба да ја изразат својата креативност.

Благодарение на советодавната работа, на ученикот му се овозможува да го соопшти концептот за себе како и да влијае врз целите, содржините и начините на своето воспитување. Така тој од позиција на објект преминува во позиција на субјект во воспитниот процес.

Денешните ученици живеат во еден мултимедијален свет, каде протокот на информации и случувања се одвива со забрзано темпо, па често на часовите се случува да се јави чувство на монотонија и конфузија, што своевидно повлекува намален интерес за совладување на наставниот материјал, немотивираност, слаб успех, недисциплина, отсуство од настава и сл.

Предмет на наш интерес во овој труд е една од најсуштествените задачи на училишниот педагог, а тоа е советодавната работа со ученици, како и потешкотиите кои се јавуваат во текот на реализирањето на советодавната работа, од што ќе произлезат и предлози за нивно успешно надминување.

Согледувајќи ги ставовите на педагозите дојдовме до сознанија за тоа кое е нивното мислење во однос на советодавната работа со учениците, кои се најчестите содржини на советодавната работа со учениците од првиот, вториот и третиот циклус на образование, кои форми на советодавна работа практикуваат, како и потешкотиите со кои се соочуваат во текот на нивната работа, а се со цел поквалитетен и поефективен воспитно – образовен процес.

Од испитаните мислења на учениците дојдовме до сознанија за тоа, со кои проблеми и потешкотиитие најчесто се соочуваат во училиште, како и за тоа што според нив треба да се превземе за да се надминат потешкотиите и проблемите со кои се соочуваат.

За истражување на овој проблем ја применивме квантитативната техника анкетирање, со што ги испитавме личните ставови и мислења на педагозите и на учениците како директни учесници во советодавната работа која се практикува во основното училиште.

Во документот Основи на програмирање на работата на педагогот (1990), дадени се содржините на работа на училишниот педагог со учениците, и тоа во подрачјето – Советодавно – консултативна работа со наставниците.Врз основа на овој документ училишните педагози ги изготвуваат сопствените годишни и месечни програми за работа во кои планираат низа активности во врска со советодавната работа со учениците во основното училиште. Преку техниката анализа на документација се обидовме да ги анализираме годишните глобални и месечните оперативни програми на училишните педагози со што ќе утврдиме дали дадените содржини во овој документ се јасно одредени, дали се соодветни за денешната воспитно – образовна реалност, а од друга страна ќе утврдиме кој вид и обем на содржини на советодавна работа со ученици планирале училишните педагози, дали и колку се реализираат во праксата и дали се јавуваат потешкотии при нивната реализација. За оваа анализа ќе ја користиме техниката анализа на документација.

## 2. Предмет на истражување

Предмет на ова истражување е согледување и анализирање на советодавната работа на педагогот со учениците во основното училиште и потешкотиите кои се јавуваат при нејзината реализација.

Предметот на истражување е проучуван преку следниве компоненти:

1. Улогата и суштината на советодавната работа на педагогот со учениците гледана од страна на двата субјекти.
2. Материјалните услови за советодавна работа на педагогот со учениците.
3. Примената на советодавната работа на педагогот со учениците во училишната пракса и содржините кои се најчест предмет на советодавна работа на педагогот со учениците.
4. Причините што влијаат и ја попречуваат советодавната работа на педагогот со учениците.
5. Оспособеноста на училишните педагози за успешно реализирање на советодавна работа со ученици и нивното мислење и предлози за подобрување на квалитетот на советодавната работа со учениците.

## 3. Дефинирање на основните поими на предметот на истражување

**Советодавна работа.** Поимот советодавна работа првенствено се однесува на унапредување на успехот и меѓучовечките односи. Преку советодавната работа им се помага на учениците подобро да се разберат себе си и своите можности, како и да ја прифатат одговорноста за сопствениот избор што го прават. Со советувањето, исто така им се помага на учениците подобро да ја сфатат својата положба во средината во која живеат и работат, како и да се оспособат за унапредување за истата и така да создадат услови за афирмација на сопствената личност. Суштината на педагошкото советување се

состои во тоа, учениците да се оспособат да се анализираат себе си и своите постапки и така пореално да се проценуваат себе си и своите способности.[47]

**Училишен педагог**. Во педагошката литература за училишниот педагог најчесто се наведува дека е лице чија струка е педагог и кој во соработка со директорот, наставниците и другите носители на воспитно – образовната работа придонесува училиштето што потполно и ефикасно да ги остварува своите цели и задачи.[48]

Според Законот за основно образование од 2008 година, училишниот педагог во основно училиште има статус на стручен соработник, меѓутоа неговите работни должности не се посебно одделени туку се дадени во низата на работните должности на сите стручни соработници во основното училиште (педагог, психолог, социолог, социјален работник, дефектолог и библиотекар). [49]

**Ученик.** Во поширока смисла, ученик е секое лице кое пократок или подолг период посетува некаква образовна институција и во неа преку различни облици и начини на образовна работа стекнува одредени знаења, вештини и навики. Во потесна смисла, ученик е припадник на помладата генерација кој редовно посетува некое од училиштата на постоечкиот училишен систем и на кого одењето во училиште и учењето му е главно занимање.[50]

Во прво одделение на основното училиште родителот е должен да го запише детето кое до крајот на календарската година ќе наполни шест години, по исклучок на ова, детето може да се запише во прво одделение, доколку наполни шест години до 31 јануари наредната година, по претходно барање на родителот и добиено мислење на педагогот или психологот на училиштето.

---

[47] Pedagoška enciklopedija II (1989). (red. Potkonjak, N. i Šimleša, P.). Beograd: Zavod za u_benike i nastavna sredstva стр.334

[48] Pedagoška enciklopedija (1989). (red. Potkonjak, N. i Šimleša, P.). Beograd: Zavod za u benike i nastavna sredstva, стр.425

[49] Закон за основно образование. (2008). Скопје: Службен весник на Р.Македонија, бр.103

[50] Enciklopediski recnik pedagogije. (1963). Zagreb: Matice Hrvatske.

Во Законот за основно образование, член 45 се наведува дека детето со поаѓање во основно училиште стекнува статус на ученик. Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа.

На ученикот кој наполнил 16 години му престанува обрската за редовно основно образование, со истекот на учебната година.[51]

**Основно училиште.** Основното училиште е задолжително општообразовно училиште во кое се остварува основно образование и претставува темел на целокупниот образовен систем. Според Законот за основно образование од 2008 година, основното училиште организира и остварува основно образование во траење од девет години и се организира во траење од три воспитно – образовни периоди и тоа, од прво до трето одделение, од четврто до шесто и од седмо до деветто одделение. Дејноста на основното училиште е од јавен интерес а може да биде општинско и државно. Општинското основно училиште се основа од општината а државното од Владата на Република Македонија.[52]

## 4. Цел и задачи на истражувањето

Основна цел на истражувањето на овој проблем е да се опише и прикаже како се остварува советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште и да се согледа кои потешкотии се јавуваат при нејзината реализација.

Со оглед на поставениот проблем и целта на истражувањето, како посебни задачи се поставуваат:

---

[51] Закон за основно образование. (2008). Службен весник на РМ, член 47, 54, 58

[52] Закон за основно образование. (2008). Службен весник на РМ, член 4, 12, 16

1. Да се испита дали училишните педагози во своите годишни програми ја планираат советодавната работа со учениците во основното училиште.
2. Да се испита какво мислење имаат училишните педагози во врска со потребата за остварување на советодавна работа со ученици.
3. Да се утврди какви се материјалните услови за реализација на советодавна работа на педагогот со учениците.
4. Да се утврди со кого училишните педагози најчесто соработуваат при советодавната работа со учениците.
5. Да се утврди кои содржини се предмет на советодавна работа на педагогот и учениците.
6. Да се согледа какви форми на советодавна работа практикуваат училишните педагози со учениците во основното училиште.
7. Да се провери кои инструменти училишните педагози ги користат во советодавната работа со учениците.
8. Да се испита какво мислење имаат учениците во врска со потребата за советодавна работа.
9. Да се испита за кои содржини на советодавна работа имаат потреба учениците.
10. Да се соглада дали постојат разлики во ставовите и мислењата меѓу педагозите и учениците во однос на потребата од советодавната работа со учениците.
11. Да се соглада дали постојат разлики во ставовите и мислењата меѓу педагозите и учениците во однос на содржините за советодавна работа со учениците.
12. Да се испита какво мислење имаат учениците во основното училиште во врска со оспособеноста на училишните педагози за советодавна работа со нив.
13. Да се утврди дали има и доколку има кои се причините кои ја отежнуваат советодавната работа со учениците.
14. Да се провери што мислат училишните педагози во врска со тоа дали во текот на иницијалното образование се успешно оспособени за реализација на советодавна работа со ученици.
15. Да се согледа дали постои потреба од стручно усовршување на училишните педагози за поквалитетно реализирање на советодавна работа со учениците.

## 5. Хипотези

Поаѓајќи од предметот и целта на истражувањето ги поставивме следниве хипотези:

*Главна хипотеза*

Советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште се остварува преку различни содржини и форми на воспитно – образовна работа, согласно со потребите на учениците.

*Помошни хипотези*

1. Училишните педагози во своите годишни програми ја планираат советодавната работа со учениците во основното училиште.
2. Училишните педагози сметаат дека советодавната работа со учениците е неопходен услов за успешна воспитно – образовна работа во основното училиште.
3. Училишните педагози сметаат дека материјалните услови за реализирање на советодавна работа со учениците не се на задоволително ниво.
4. Училишните педагози при реализирање на советодавна работа со учениците најчесто соработуваат со наставниците.
5. Училишните педагози остваруваат советодавна работа со учениците во врска со различни содржини на воспитно – образовна работа во основното училиште.
6. Училишните педагози практикуваат различни форми на советодавна работа со учениците во основното училиште.
7. Училишните педагози користат различни инструменти во функција на советодавната работа со учениците.
8. Учениците имаат потреба од советодавна работа со педагогот.
9. Учениците имаат потреба од различни содржини на советодавна работа.
10. Училишните педагозите и учениците имаат различно мислење во однос на потребата за советодавната работа на педагогот со учениците.
11. Училишните педагозите и учениците имаат различно мислење во однос на содржините за советодавната работа на педагогот со учениците.
12. Учениците сметаат дека училишните педагози се оспособени за советодавна работа со нив.

13. Постојат одредени причини кои ја отежнуваат советодавната работа на педагогот со учениците во основното училиште.
14. Училишните педагози сметаат дека во текот на иницијалното образование не се доволно оспособени за успешно реализирање на советодавна работа со ученици.
15. Училишните педагози сметаат дека постои потреба од нивно стручно усовршување за поквалитетно реализирање на советодавната работа со учениците во основното училиште.

## 6. Варијабли на истражувањето

Независна варијабла во ова истражување се училишните педагози и учениците во основното училиште.

Зависни варијабли се:

- Ставови и мислења на училишните педагози и учениците во однос на улогата и суштината на советодавната работа на педагогот со учениците во основното училиште.
- Ставови и мислења на училишните педагози во однос на материјалните услови за советодавна работа со учениците.
- Ставови и мислења на училишните педагози и учениците во однос на примената на советодавната работа на педагогот со учениците во училишната пракса, содржините кои се најчест предмет на советодавна работа на педагогот со учениците како и формите на советодавна кои ги практикуваат училишните педагози.
- Ставови и мислења на училишните педагози и учениците во однос на оспособеноста на училишните педагози за успешно реализирање на советодавна работа со ученици и нивното мислење и предлози за подобрување на квалитетот на советодавната работа со ученици.

## 7. Примерок на истражувањето

Примерокот на истражување го сочинуваат две категотии на субјекти и тоа: педагози и ученици од основно училиште.

Примерокот на училишни педагози го сочинуваат педагози од 30 основни училишта од градот Скопје.

Додека пак, примерокот на ученици го сочинуваат по 20 ученици од десет основни училишта. Учениците кои се опфатени во истражувањето се од осмо одделение, од двата пола подеднакво.

**Табела 1. Структура на ученици по основни училишта и по општини од подрачјето на градот Скопје**

| Реден број | Основно училиште | Општина |
|---|---|---|
| 1. | Браќа Миладиновци | Аеродром |
| 2. | Петар Здравковски Пенко | Бутел |
| 3. | Стив Наумов | Гази Баба |
| 4. | Ѓорче Петров | Ѓорче Петров |
| 5. | Круме Кепески | Кисела Вода |
| 6. | Братство | Карпош |
| 7. | 11 Октомври | Центар |
| 8. | Св.Кирил и Методиј | Центар |
| 9. | Рајко Жинзифов | Чаир |
| 10. | Васил Главинов | Чаир |

## 8. Методи, техники и инструменти на истражувањето

За истражувањето на поставениот проблеm се користи дескриптивно - аналитичкиот метод. Додека, од техниките за прибирање на податоци беа користени: анализа на документација и анкетирање.

Техниката на анализа на документација беше користена за анализирање на: Законот за основно образование, Основите за програмирање на работата на педагогот и Годишните глобални и месечните оперативни програми на училишните педагози.

Техниката на анкетирање беше користена за да добиеме сознание за ставовите и мислењата на педагозите и учениците во врска со проучуваниот проблем. Како инструменти беа користени анкетни листови и тоа:

- анкетен лист за педагози и
- анкетен лист за ученици.[53]

Анкетниот лист за педагози содржи 14 прашања преку кои беа испитувани мислењатана училишните педагози во однос на суштината на советодавната работа на педагогот со учениците во училишната пракса, содржините кои се најчест предмет на советодавна работа на педагогот со учениците, формите на советодавна работа кои ги практикуваат, како и потошкотиите со кои се соочуваат при нејзината реализација.

Анкетниот лист за ученици, содржи 13 прашања преку кои беа испитувани мислењата на учениците за суштината на советодавната работа на педагогот со учениците во училишната пракса, содржините кои се најчест предмет на советодавна работа на педагогот со учениците, формите на советодавна работа, како и потешкотиите кои се јавуваат при реализација на советодавна работа.

Прашањата во двата анкетни листа се комбинирани прашања од отворен и затворен тип. Понудените одговори кај прашањата од затворен тип се со повеќечлен и алтернативен избор.

[53] Примерок од инструментот Анкетен лист за педагози и анкетен лист за ученици е даден на крајот од трудот

## 9. Тек на истражувањето

Истражувањето се одвиваше низ претходно утврдените етапи карактеристични за ваков тип на истражувања, почнувајќи од изборот на проблем на истражување, а завршувајќи со етапата која се однесува на обработка на добиените податоци и заклучок од спроведеното истражување.

Теренскиот дел од истражувањето започна од месец октомври до месец декември 2012 година, кога беа анкетирани сите субјекти кои го сочинуваат примерокот на педагози и примерокот на ученици.

## 10. Обработка на податоците

При обработката на добиените податоци се применети постапки на квантитативна и квалитативна анализа.

Податоците добиени со квантитативната техника – анкетирање, најпрво се класифицирани според фрекфенција за секое прашање одделно, посебно за педагози и ученици. Резултатите добиени преку квантитативна анализа на податоците се претставени табеларно и графички.

Квалитативната анализа на податоци е направена преку постапките компарација и диференцијација.

III ДЕЛ

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Планирање на советодавната работа со учениците во основното училиште

Првата хипотеза на истражувањето гласи: *училишните педагози во своите годишни програми ја планираат советодавната работа со учениците во основното училиште*.

За потребите на истражувањето, поточно за испитување на оваа хипотеза беа анализирани 30 годишните програми на училишните педагози од основните училишта.

Пред да преминеме на согледување дали училишните педагози ја планираат советодавната работа со учениците во основното училиште, ќе се осврнеме на структурата на годишните програми по кои работат училишните педагози.

Од приложените годишни програми може да се забележи дека речиси сите се структуирани по следниов редослед: вовед и пет програмски подрачја.

Во воведот се дадени документите и други материјали врз основа на кои е изработена програмата. Речиси во сите програми е наведено дека годишната програма е изработена врз основа на:

- Законот за основно образование (2008);
- Концепцискиот документ "Основно образование – содржини и организација на воспитно – образовната дејност" (1996);
- Статутот на училиштето;
- "Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници" (1998);

- Годишниот извештај за работата на училиштето од минатата учебна година;
- Годишната програма за работа на училиштето за тековната учебна година;
- Условите, потребите и состојбите во кои работи училиштето.

Потоа се дадени следниве програмските подрачја:

- Непосредно следење на воспитно – образовната работа во училиштето;
- Советодавно – консултативна работа;
- Аналитичко – истражувачка работа;
- Стручно усовршување на наставниот кадар;
- Педагошка евиденција и документација.

Во две од годишните програми, покрај овие пет програмски подрачја дададено е и подрачјето планирање и програмирање на воспитно – образовната работа а во три годишни програми е додадено и подрачјето – подготовка за сите облици на работа со ученици, наставници и родители.

Исто така, во две од годишните програми, подрачјето кое е дефинирано како "советодавно – консултативната работа" е поделено во посебни програмски подрачја, и тоа како: "советодавно – инструктивна работа со ученици", "советодавно – инструктивна работа со наставници" и советодавно инструктивна работа со родители", во две програми како: "работа со ученици", "соработка со наставници" и "соработка со родители" а во една програма тоа е проширено и именувано како "советодавна работа со наставници, ученици и родители".

Секое програмско подрачје е така организирано, што се дадени содржини, соработници, време на реализација, а во три програми се дадени и форми на работа, ресурси, очекувани ефекти и индикатори.

Во две годишни програми имаат поставено и цел како и приоритетни задачи кои ќе ги реализираат тековната учебна година

Гледано од аспект на нашата хипотеза на истражување може да се констатира дека во сите годишни програми е планирана советодавната работа со учениците со тоа што е формулирана на различен начин.

Во продолжение ќе наведеме кои содржини ги планираат училишните педагози за реализација на советодавната работа со учениците:

- Идентификување и работа на отстранување на педагошките причини за проблемите во учењето и однесувањето;
- Следење и проучување на интересите и постигнувањата на учениците и нивно усогласување со нивните желби и интереси;
- Работа со талентирани ученици;
- Работа со ученици со посебни образовни потреби;
- Запознавање на учениците со видовите на средни училишта;
- Давање на помош и подршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности (одделенски заедници, ученички заедници итн);
- Учество во организирање на активности и содржини каде учениците на креативен начин го организираат своето слободно време;
- Советодавна работа со ученици кои потешко напредуваат или покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех;
- Работа на превенција на појавата на насилно однесување во училиштето како член на лидерскиот тим ( изготвување на обрасци за евиденција на појавите на насилно однесување, евиденција на случаите и советодавна работа со учениците кои манифестираат насилно однесување и учениците кои се жртви на насилно однесување како и советодавна работа со нивните родители;
- Советодавно – консултативна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик – ученик, и ученик – наставник – семејство;
- Подготовка и планирање на предавања со ученици, наставници и родители;
- Индивидуална советодавна работа со ученици (решавање на најразлични проблеми);

- Индивидуална и групна работа со ученици кои имаат потешкотии со учењето (ученици со посебни потреби, специфични проблеми, со поголем број слаби оценки, кои попустиле во уцењето и сл.) и талентирани ученици;
- Евидентни листи од разговори со ученици, наставници и родители;

Од анализата на Годишните програми на училишните педагози можеме да забележиме дека училишните педадози преку најразлични активности и содржини планираат советодавна работа со учениците. Затоа, добиените резултати ни даваат за право да ја потврдиме првата хипотеза на нашето истражување која гласи: училишните педагози ја планираат советодавната работа со учениците во основното училиште.

**2. Мислење на училишните педагози за потребата од советодавна работа со учениците во основното училиште**

Во однос на втората хипотеза која гласи: *училишните педагози сметаат дека советодавната работа со учениците е неопходен услов за успешна воспитно – образовна работа во основното училиште* е третото прашање од анкетниот лист за училишните педагози. Со ова прашање сакавме да дознаеме какво мислење имаат училишните педагози во однос на потребата за советодавна работа со учениците. На ова прашање беа понудени пет алтернативи на одговори, од кои училишните педагози требаа да изберат еден кој најадекватно го изразува нивното мислење. Добиените резултати се прикажани во Табела 2.

**Табела 2. Мислење на училишните педагози за потребата од советодавна работа со учениците во основното училиште**

| Категории на одговори | Педагози | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а)Нема потреба педагогот да обавува советодавна работа бидејќи за тоа се одговорни одделенските раководители | 0 | 0,00 |
| б)Советодавна работа е потребна, само ако ученикот побара помош | 0 | 0,00 |
| в)Советодавна работа е потребна, само ако педагогот смета дека има потреба | 0 | 0,00 |
| г)Советодавна работа е потребна, доколку педагогот смета дека има потреба и ученикот побара помош од педагогот | 5 | 16,67 |
| д)Советодавната работа е предуслов за успешна воспитно-образовна работа на училиштето | 25 | 83,33 |
| Вкупно | 30 | 100,00 |

Од податоците прикажани во табелата може да се види дека најголем број од испитаните училишни педагози, 83,33 % сметаат дека соработката е предуслов за успешна работа а 16,67% сметаат дека советодавната работа е потребна доколку педагогот смета дека има потреба и ученикот побара помош од педагогот.

Од овие резултати може да констатираме дека училишните педагози правилно ја сфаќаат суштината на советодавната работа со ученици која што е предуслов за успешна воспитно – образовна работа на училиштето.

Добиените резултати ни даваат за право да ја потврдиме втората хипотеза на нашето истражување: училишните педагози сметаат дека советодавната работа со учениците е неопходен услов за успешна воспитно – образовна работа во основното училиште.

## 3. Материјални услови за реализирање на советодавна работа на училишниот педагог со учениците

Во врска со третата хипотеза, која гласи: *училишните педагози сметаат дека материјалните услови за реализирање на советодавна работа со ученици не се на задоволително ниво*, е четвртото прашање од анкетниот лист за педагози. Со ова прашање сакавме да дознаеме какви се материјалните услови за советодавна работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште. Материјалните услови се согледани од четири аспекти, и тоа: простории (соодветни простории за советодавна работа со ученици), документација (за училиштето, наставата, слободните активности, професионалната ориентација), библиотека (снабдена со соодветни книги, списанија и брошури) и средства за истражување (потребни за анкетирање, интервјуирање, набљудување, евидентирање, тестирање и социометриски мерења), кои педагозите ги оценуваа како многу добри, добри или пак недоволни. Добиените резултати во однос на материјалните услови за советодавна работа ги прикажуваме табеларно и графички.

**Табела 3. Мислење на педагозите за материјалните услови за советодавна работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште**

| Материјални услови | Многу добри | | Добри | | Недоволни | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| а) Простории (соодветни простории) | 8 | 26,67 | 13 | 43,33 | 9 | 30,00 | 30 | 100,00 |
| б) Документација (за училиштето, наставата, слободните активности, професионалната ориентација) | 9 | 30,00 | 20 | 66,67 | 1 | 3,33 | 30 | 100,00 |
| в) Библиотека (снабдена со соодветни книги, списанија и брошури) | 6 | 20,00 | 18 | 60,00 | 6 | 20,00 | 30 | 100,00 |
| г) Средства за истражување (потребни за анкетирање, интервјуирање, набљудување, евидентирање, тестирање и социометриски мерења) | 5 | 16,67 | 21 | 70,00 | 4 | 13,33 | 30 | 100,00 |




**Графикон бр.1. Мислење на педагозите за материјалните услови за советодавна работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште**

Од табелата може да се види дека најголемиот дел од педагозите, поточно 43,33% просториите за советодавна работа ги оценуваат како добри, 30% недоволни и 26,67% многу добри, што значи дека во училиштата условите за советодавна работа се различни.

Повеќето училишни педагози, односно 66,67%, документацијата ја оценуваат како добра, 30% како многу добра и 3,33% педагози како недоволна.

Во однос на училишната билиотека, повеќето педагози, односно 60% библиотеката ја оценуваат како добра, 20% многу добра и 20% недоволна.

Средствата за истражување, 70% педагози сметаат дека се добри, 16,67% дека се многу добри и 13,33% дека се недоволни.

Според добиените резултати се отфрла третата хипотеза на нашето истражување: училишните педагози сметаат дека материјалните услови за советодавна работа со ученици не се на задоволително ниво.

## 4. Соработка на училишните педагози со наставниците при советодавна работа со ученици

Во однос на четвртата хипотеза, која гласи: *училишните педагози при реализирање советодавната работа со учениците најчесто соработуваат со наставниците*, се однесуваат второто и петтото прашање од анкетниот лист за педагози и петтото прашање од анкетниот лист за ученици.

Добиените резултати за второто прашање од анкетниот лист за педагози ги прикажуваме во Табела 4.

**Табела 4. Мислење на училишните педагози за тоа со кого најмногу соработуваат при советодавна работа со ученици**

| Категории на одговори | Педагози | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Наставниците | 21 | 70,00 |
| б) Родителите | 9 | 30,00 |
| в) Директорот | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 30 | 100,00 |

Второто прашање од анкетниот лист за педагози се однесува на тоа со кого педагозите најчесто соработуваат при реализација на советодавната работа со ученици. 21 педагог или 70% од педагозите одговориле дека тоа се наставниците а 9 педагози или 30% дека тоа се родителите. Овој значително поголем процент на педагози кои се изјасниле дека при советодавната работа со учениците најчесто соработуваат со наставниците е сосема логичен со оглед на тоа дека наставниците секојдневно остваруваат непосредна комуникација со учениците и најчесто први ја детектираат потребата кај учениците од советодавна работа.

Добиените резултати во однос на петтото прашање од анкетата за педагози ги прикажуваме во Табела 5.

**Табела 5. Мислење на училишните педагози за тоа кој е најчесто иницијатор за советодавна работа со учениците во основното училиште**

| Категории на одговори | Педагози | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) На наставниците | 25 | 83,33 |
| б) На учениците | 0 | 0,00 |
| в) На родителите | 3 | 10,00 |
| г) На педагогот | 2 | 6,67 |
| д) На некој друг субјект | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 30 | 100,00 |

Во однос на петтото прашање од анкетниот лист за педагози на кое педагозите одговараа по чија иницијатива најчесто се остварува советодавната работа со учениците, поголемиот број на педагози одговориле дека тоа се наставниците и тоа 83,33%, а помал број 10% дека тоа е педагогот и 6,67% дека тоа се родителите. Резултатите од ова прашање само ги докажуваат резултатите од второто прашање дека педагогот најчесто соработува со наставниците при реализација на советодавната работа со учениците, бидејќи наставниците непосредно комуницираат со учениците при што тие најчесто детектираат одредени проблеми или пак потреба за советодавна работа и тие ги испраќаат учениците кај педагогот.

За петото прашање од анкетниот лист за ученици ги добивме следниве резултати кои ги прикажуваме во следната Табела 6.

**Табела 6. Мислење на учениците во основно училиште за тоа кој најчесто ги упатува кај педагогот**

| Категории на одговори | Ученици | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Наставниците ги упатуваат | 154 | 77,00 |
| б) Педагогот ги повикува учениците | 30 | 15,00 |
| в) Учениците одат сами на разговор кај педагогот | 16 | 8,00 |
| Вкупно | 200 | 100,00 |

За петтото прашање од анкетниот лист за ученици, ги добивме следниве податоци: 154 ученика или 77% одговориле дека наставниците најчесто ги упатуваат на разговор кај

педагогот, 30 ученици или 15% дека педагогот ги повикува и 16 ученика или 8% дека учениците одат сами на разговор кај педагогот.

И од резултатите на ова прашање може де се утврди дека наставниците најчесто ги упатуваат учениците на советодавен разговор кај педагогот, бидејќи тие секојдневно во текот на изведување на наставата но и во текот на вонннаставните активности се соочуваат со најразлични ситуации во кои имаат потреба од помош на стручно лице како што е училишниот педагог.

Од добиената анализа на прашањата број два и пет од анкетниот лист за педагози и прашањето број пет од анкетниот лист за ученици може да констатираме дека се потврдува четвртата хипотеза која гласи: училишните педагози при советодавната работа најчесто соработуваат со наставниците.

**5. Мислење на педагозите во однос на содржините на советодавна работа со учениците во основното училиште.**

Петтата хипотеза гласи: *училишните педагози остваруваат советодавна работа со учениците во врска со различни содржини на воспитно – образовна работа во основното училиште.*

Во врска со оваа хипотеза беа формулирани три прашања содржани во анкетниот лист за педагози а тоа се шестото, седмото и осмото прашање.

Со шестото прашање се бараше од педагозите да заокружат најмногу 3 од понудените одговори, за тоа кои се најчести содржини на советодавна работа со учениците во основното училиште. Во врска со ова прашање, се добиени следните одговори:

**Табела 7. Мислење на училишните педагози за тоа кои се најчести содржини за советодавна работа со учениците во основното училиште**

| Категории на одговори | Педагози | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Слабиот успех | 27 | 30,00 |
| б) Отсуство од настава | 20 | 22,23 |
| в) Недолично однесување | 30 | 33,33 |
| г) Кога се организираат натпревари за ученици | 3 | 3,33 |
| д) Кога се организираат разни свечености во училиштето 9патронат, приредби, средби со родители и др.) | 6 | 6,67 |
| ѓ) Кога се организираат екскурзии или други посети надвор од училиштето (посети на културно-историски знаменитости, институции итн) | 4 | 4,44 |
| е) Друго | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 90 | 100,00 |

Добиените податоци покажуваат дека најголем процент од вкупно испитаните педагози, 30%, се искажале дека учениците најчесто разговараат со педагогот поради слабиот успех, 22,23 % поради отсуство од настава, 33,33% поради недолично

однесување, 3,33 кога се организираат натпревари за ученици, 6,67% по повод разни свечености во училиштето (патронат, приредби, средби со родители и др.), 4,44%, кога се организираат екскурзии или други посети надвор од училиштето (посети на културно – историски знаменитости, институции итн).

Во однос на седмото прашање, со кое од училишните педагози се бараше да одговорат, за што најчесто имаат потреба од советодавна работа учениците од првиот и вториот образовен период и учениците од третиот образовен период, ги добивме следниве одговори:

Учениците од првиот и вториот образовен период најчесто имаат потреба од советодавна работа во однос на:

- Адаптација во училиште;
- Проблеми во семејството;
- Несоодветно однесување но по барање на одделенскиот раководител;
- Подобрување на успехот;
- Дисциплина;
- Недоразбирања со другарчињата;
- Вклучување во воннаставни активности;
- Полесно совладување на материјалот;
- Социјализација;
- Разни свечености во училиштето;
- Хиперактивност;
- Однесување за време на одморите.

Учениците од третиот образовен период најчесто имаат потреба од советодавна работа во однос на:

- Слаб успех;

- Проблеми во паралелката, со одреден ученик или со одредени наставници;

- Нередовноста;

- Дисциплина;

- Бегање од часови;

- Емоционални проблеми;

- Професионална ориентација;

- Проблеми со наставниците;

- Проблеми со другарчињата;

- Незаинтересираност за учење;

- Несоодветно однесување;

- Работа со талентирани ученици и нивно вклучување во натпревари, свечености, ТВ емисии и сл.

- Разрешување на проблеми во одделението;

- Пубертетски промени;

- Некоректен однос кон другарите и наставниците.

- Асоцијално однесување;

- Антисоцијално однесување.

Од добиените одговори може да се увиди дека учениците од првиот и вториот образовен период и учениците од третиот образовен период имаат слични потреби од советодавна работа со таа разлика што учениците од првиот и вториот образовен период имаат повеќе потреба за советодавна работа во однос на адаптацијата на новите услови во училиште како и социјализацијата во новата средина додека пак учениците од третиот

образовен циклус повеќе имаат потреба за советодавна работа во однос на пубертетските промени кои им се случуваат, проблеми во однесувањето, како и одредени дилеми кои се однесуваат на професионалната ориентација.

Со осмото прашање од анкетниот лист за педагози се бараше мислење од училишните педагози, за тоа кои ученици имаат повеќе потреба за советодавна работа, дали учениците од првиот и вториот образовен период или учениците од третиот образовен период.

**Табела 8. Мислење на училишните педагози за потребата за советодавна работа на ученици од првиот и вториот образовен период и учениците од третиот образовен период**

| Категории на одговори | Педагози | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Прв и втор образовен период | 5 | 16.67 |
| б) Трет образовен период | 25 | 83.33 |
| Вкупно | 30 | 100.00 |

Во однос на осмото прашање, за тоа кои ученици пројавуваат поголема потреба за советодавна работа, значително поголем број педагози одговориле дека тоа се учениците од третиот образовен период и тоа 83.33% а 16.67% дека еднакво и учениците од првиот и вториот образовен период и третиот образовен период пројавуваат потреба од советодавна работа.

Учениците од првиот и вториот образовен период поголем дел од времето го поминуваат со еден наствник/наставничка, па затоа проблемите што се јавуваат во одделението се решаваат тековно, додека пак на учениците од третиот образовен период не им е доволен само одделенскиот час за да се решат нивните проблеми па затоа кај нив почесто се јавува потребата за советодавна работа со стручно лице како што е училишниот педагог.

Исто така, како причина за тоа што учениците од третиот образовен период имаат повеќе потреба од советодавна работа со педагогот е тоа што кај нив за прв пат во животот се јавуваат поизразени промена во физичкиот и емоционалниот живот, како што

е периодот на пубертет и обично им е потребна помош за прифаќање и адаптирање на тие промени.

Од добиената анализа на прашањата број шест, седум и осум од анкетниот лист за педагози може да констатираме дека се потврдува петтата хипотеза која гласи: училишните педагози остваруваат советодавна работа со учениците во врска со различни содржини на воспитно – образовна работа во основното училиште.

## 6. Форми на советодавна работа со учениците во основното училиште

Шестата хипотеза гласи: *училишните педагози практикуваат различни форми на советодавна работа со учениците во основното училиште.*

Во врска со оваа хипотеза беа формулирани две прашања и тоа прашање број девет од анкетниот лист за педагозите и прашање број десет од анкетниот лист за учениците. Деветото прашање од анкетниот лист за педагози е од затворен тип и бараше од педагозите да се искажат за тоа колку често практикуваат индивидуална советодавна работа, советодавна работа со мали групи на ученици и советодавна работа со големи групи на ученици.

Добиените резултати од ова прашање се прикажани табеларно и графички

**Табела 9. Мислење на училишните педагози за тоа колку често практикуваат индивидуална советодавна работа, советодавна работа со мали групи и советодавна работа со големи групи**

| Форми на советодавна работа | Често | | Ретко | | Никогаш | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| а) Индивидуална советодавна работа | 30 | 100,00 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30 | 100,00 |
| б)Советодавна работа со мали групи | 17 | 56,67 | 13 | 43,33 | 0 | 0 | 30 | 100,00 |
| в) Советодавна работа со големи групи | 23 | 76,67 | 5 | 16,67 | 2 | 6,66 | 30 | 100,00 |




**Графикон бр. 2. Мислење на училишните педагози за тоа колку често практикуваат индивидуална советодавна работа, советодавна работа со мали групи и советодавна работа со големи групи**

Од прикажаните податоци се гледа дека сите училишни педагози, односно 100% се изјасниле дека често практикуваат индивидуална советодавна работа, советодавна работа со мали групи, 56,67% практикуваат често а 43,33% практикуваат ретко и советодавна работа со големи групи 76,67% често, 16,67% ретко и 6,66% никогаш.

Десетото прашање од анкетниот лист за ученици е од затворен тип и од учениците се бара да го дадат своето мислење за тоа на кој начин најчесто педагогот разговара со учениците, дали со еден ученик, со група ученици или со целото одделение.

**Табела 10. Мислење на учениците за тоа на кој начин педагогот најчесто разговара со нив**

| Категории на одговори | Ученици | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Разговара само со еден ученик | 90 | 45,00 |
| б) Разговара со група ученици | 78 | 39,00 |
| в) Разговара со целото одделение | 32 | 16,00 |
| Вкупно | 200 | 100,00 |

Најмногу ученици одговориле дека педагогот најчесто разговара индивидуално со еден ученик и тоа 90 ученици или 45%, со група ученици одговориле 78 ученици или 39% и 32 ученици или 16% со целото одделение.

Воочливо е дека училишните педагози во својата пракса најчесто практикуваат индивидуална советодавна работа, што е сосема логично земајќи го во предвид фактот дека учениците подобро се чувствуваат, кога само со педагогот разговараат за своите проблеми кои што се од интимна природа и кои поради објективни и субјективни причини не можат да се расправаат во група. Исто така, индивидуалната советодавна работа често се користи кога советодавната работа со поединец е подготовка за групна советодавна работа.

Советодавна работа, пак, со мали и големи групи на ученици педагозите најчесто практикуваат кога учениците имаат заеднички проблем и проблемот го решаваат во рамките на групата, преку учество во расправите за проблемот и давање на свои предлози за решавање на своите проблеми и проблемите на групата како целина.

Од добиените резултати можеме да заклучиме дека педагозите користат различни форми на советодавна работа од кои најчесто индивидуалната форма на советодавна работа.

Од добиената анализа на прашањето број девет од анкетниот лист за педагози и прашањето број десет од анкетниот лист за ученици може да констатираме дека се потврдува шестата хипотеза која гласи: училишните педагози практикуваат различни форми на советодавна работа со учениците во основното училиште.

## 7. Инструменти кои ги користат училишните педагози во функција на советодавната работа со ученици

За голем дел од содржините кои училишните педагози ги реализираат преку советодавната работа со учениците во основното училиште потребно е да се применуваат различни инструменти за прибирање и евидентирање на податоци. Токму поради тоа не интересираше да дознаеме кои инструменти училишните педагози ги користат во функција на успешно остварување на советодавната работа со учениците.

Седмата хипотеза од истражувањето гласи: *училишните педагози користат различни инструменти при советодавна работа со ученици.*

Со намера да испитаме кои инструменти училишните педагози ги применуваат во советодавната работа со учениците, на педагозите им беше поставено десеттото прашање од анкетниот лист за педагози на кое беа понудени неколку алтернативни одговори и дадена можност за дополнување. Добиените одговори ги прикажуваме во следната табела:

**Табела 11. Мислење на училишните педагози за тоа кои инструменти ги користат при советодавна работа со учениците во основното училиште**

| Категории на одговори | Педагози | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Евидентет лист | 25 | 46,29 |
| б) Протокол на писмено снимање | 7 | 12,96 |
| в) Анкетен лист | 12 | 22,22 |
| г) Тест | 1 | 1,85 |
| д) Скала на судови | 2 | 3,71 |
| ѓ) Чек листа | 4 | 7,41 |
| е) Друго | 3 | 5,56 |
| Вкупно | 54 | 100,00 |

Од податоците во табелата се забележува дека најголемиот дел, 46,29% при советодавна работа со ученици користат евидентен лист, 22,22% анкетен лист, 12,96%

протокол на писмено снимање, 7,41% чек листа, 3,71% скала на судови, 1,85% тест и 5,56% други инструменти.

Педагозите кои додале други инструменти покрај оние кои се дадени како можност, ги додале: Дневник за работа со ученици, Протокол за работа со ученици и Работилници од "Животни вештини ".

Од добиените податоци можеме да заклучиме дека училишните педагози во основно училиште користат различни инструменти во функција на советодавната работа со учениците, меѓу кои најчесто користат евидентен лист и анкетен лист. Поради подетално собирање на податоците за учениците, евидентирање на советодавната работа со учениците како и бележење на резултатите од советодавната работа, училишните педагози ги користат и инструментите како што се протокол на писмено снимање, чек листи, скали на судови, разни тестови и други инструменти.

Со користење на овие инструменти педагозите подобро ги запознаваат учениците, идентификуваат различни потшкотии кои се јавуваат кај нив, прават проценка на разни особини на ученикот итн.

Од добиената анализа на прашањето број десет од анкетниот лист за педагози може да констатираме дека се потврдува седмата хипотеза која гласи: училишните педагози користат различни инструменти при советодавна работа со ученици.

**8. Потреба од советодавна работа на училишниот педагогот со учениците во основното училиште**

Осмата хипотеза гласи: *учениците имаат потреба од советодавна работа со педагогот.*

Оваа хипотеза ја испитуваме со второто, третото и четвртото прашање од анкетниот лист за ученици.

Во второто прашање на учениците им се понудени пет можни одговори од кои тие го избираат оној кој најмногу соодвестува со нивното мислење. Добиените податоци на ова прашање се дадени во следната табела:

**Табела 12 . Мислење на учениците за потребата од советодавна работа со ученици**

| Категории на одговори | Ученици | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а)Нема потреба педагогот да обавува советодавна работа бидејќи за тоа се одговорни одделенските раководители | 8 | 4,00 |
| б)Советодавна работа е потребна, само ако ученикот побара помош | 34 | 17,00 |
| в)Советодавна работа е потребна, само ако педагогот смета дека има потреба | 19 | 9,50 |
| г)Советодавна работа е потребна, доколку педагогот смета дека има потреба и ученикот побара помош од педагогот | 98 | 49,00 |
| д)Советодавната работа е предуслов за успешна воспитно-образовна работа на училиштето | 41 | 20,50 |
| Вкупно | 200 | 100,00 |

Од добиените податоци може да се утврди дека речиси половина од учениците, односно 98 ученици или 49% сметаат дека советодавната работа е потребна, доколку педагогот смета дека има потреба и ученикот побара помош, 41 ученик или 20,50% сметаат дека советодавната работа е предуслов за успешна воспитно – образовна работа на училиштето, 34 ученици или 17% дека советодавната работа е потребна, само ако ученикот побара помош, 19 ученици или 9,50% советодавната работа е потребна само ако педагогот смета дека има потреба и 8 ученици или 4% сметаат дека нема потреба

педагогот да обавува советодавна работа со ученици бидејќи за тоа се одговорни одделенските раководители.

Третото прашање од анкетата за ученици гласи: доколку имаш некаков проблем или пак, некаква дилема што не можеш да ја решиш сам/а, дали би се обратил/а кај училишниот педагог. На ова прашање е дадена можност учениците да одговорат со "да" и "не" и да образложат зошто.

Учениците кои одговориле со "да" а тоа се 168 ученици или 84%, како причини поради кои би побарале помош од училишниот педагог ги навеле следниве:

- Мислам дека педагогот може да ми помогне;

- Со помош на педагогот полесно ќе го решам проблемот;

- Педагогот ќе го реши проблемот и ќе остане меѓу нас;

- Ќе ми даде совет и ќе ме насочи како да постапам;

- Училишниот педагог е секогаш тука да ни даде исправни совети;

- Би разговарал со педагогот за проблеми во одделението;

- Затоа што сметам дека потребно да се пожалам за настанот што се случил и зошто ме закачале;

- Педагогот е овластен за тоа и ќе го реши проблемот;

- Кога не можам да го решам сам проблемот бидејќи ми треба помош;

- Имам потреба од нејзините зборови;

- Може да ми помогне и разбере;

- Бидејќи сакам да разменам мислење и да добијам совет;

- Би сакала да ми помогне да решам проблем бидејќи мислењето на училишниот педагог го сметам како правилно;

Учениците кои одговориле со "не" а тоа се 32 ученици или 16%, како причини поради кои не би побарале помош од училишниот педагог ги навеле следниве:

- Прво би се обратил кај класниот раководител;

- Прво ќе разговарам со родителите, а потоа ако не го решам проблемот ќе се обратам кај педагогот;

- Срам ми е;

- Не сум се вовлекла во некој проблем;

- Јас сум добар и примерен ученик.

Од одговорите на учениците на ова прашање може да се заклучи соработката на учениците со училишниот педагог е на задоволително ниво бидејќи значително голем дел од учениците, а тоа е 84% , од најразлични причини веќе имале соработка со училишниот педагог или пак биле на советодавен разговор кај него.

За четвртото прашање од анкетниот лист за ученици, кое гласи: дали до сега си бил/а на разговор кај училишниот педагог, 124 ученици или 62% од учениците одовориле да а 76 ученици 38% одговориле не.

а) Учениците кои одговориле со "да", како причини поради кои биле кај училишниот педагог ги навеле:

- Сакам да прашам нешто да се посоветувам;

- Имав дилема околу еден училишен предмет;

- Имав проблем со соученик;

- Имав проблем со еден наставник;

- По забавиште не сакав да одам во училиште;

- За проектите што се спроведуваат во училиштето;

- Во нашето одделение често прават грешки што не се дозволени;

- Имаше организирано натпревар за ученици;

- Некои од учениците правеа проблеми и несоодветни работи;

- Кога има натпревар во училиштето и надвор од него тој сака да го дознае нашиот успех;

- Имавме дилема за тестот по физика;

- За да ме префрли во друго одделение;

- Затоа што не знаев каде да се запишам во средно;

- Поради тепачка;

- Поради недисциплина;

- Сакав да го сменам изборниот предмет;

- Требаше да одиме на саем со педагогот;

- Затоа што направив грешка и се каам.

- Наставникот ме упати;

- Се пожалив на еден ученик;

- Имав шкртано по клупа;

- Другите ученици ме бутнаа во стакло;

- Поради групна тепачка;

- Имав неколку единици па разговаравме да ги поправам.

Од одговорите на учениците на четвртото прашање од анкетниот лист за ученици, кои одговориле со "да", може да заклучиме дека поголем дел од учениците укажува дека како причина поради која биле на разговор кај педагогот е нивното однесување како и проблеми и недоразбирања со врсниците.

б) Учениците кои одговориле со "не", како причини поради кои до сега не биле кај училишниот педагог ги навеле следниве:

- До сега не сум имала проблеми во училиштето;

- Затоа што ми е срам;

- Не ме повикала;

- Затоа што сум мирен и имам одлично поведение;

- Не сум имал проблем со некој наставник;

- Немам учествувано во тепачки;

- До сега не су м направил нешто за да се советувам со педагогот;

- Не сум направил нешто што не е дозволено (од Кодексот за однесување) и да одам кај училишниот педагог.

Од одговорите на учениците на четвртото прашање од анкетниот лист за ученици, кои одговориле со "да" може да заклучиме дека учениците од различни причини биле на разговор кај училишниот педагог и тоа не само поради недолично однесување и слаб успех што се најчести причини, туку и поради одредени дилеми со кои се соочуваат, учество на натпревари, организирање и учество на одредени активности во училиштето и надвор од него итн. Од одговорите, пак, со "не" може да заклучиме дека поголем дел од учениците укажува дека како причина поради која не биле на разговор кај педагогот дека е тоа што до сега немале одреден проблем за кој би имале потреба да разговараат или пак да се посоветуваат со педагогот.

Од добиената анализа на прашањата број два, три и четири од анкетниот лист за ученици може да констатираме дека се потврдува осмата хипотеза која гласи: учениците имаат потреба од советодавна работа со педагогот.

## 9. Потребата на учениците од различни содржини на советодавна работа

Деветата хипотеза гласи: *учениците имаат потреба од различни содржини на советодавна работа.*

За да ја испитаме оваа хипотеза го поставивме единаесеттото прашање во анкетниот лист за ученици со кое на учениците им се дава можност да изберат три од понудените одговори и доколку имаат некој кој не е даден како можност да го дополнат, за што учениците најчесто разговараат со педагогот.

Добиените податоци ги прикажуваме во следната табела:

**Табела 13. Мислење на учениците за тоа кои се најчести содржини за советодавна работа кај педагогот**

| Категории на одговори | Педагози | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Слабиот успех | 76 | 14,78 |
| б) Отсуство од настава | 102 | 19,84 |
| в) Недолично однесување | 162 | 31,52 |
| г) Кога се организираат натпревари за ученици | 40 | 7,78 |
| д) Кога се организираат разни свечености во училиштето 9патронат, приредби, средби со родители и др.) | 56 | 10,90 |
| ѓ) Кога се организираат екскурзии или други посети надвор од училиштето (посети на културно-историски знаменитости, институции итн) | 68 | 13,23 |
| е) Друго | 10 | 1,95 |
| Вкупно | 514 | 100,00 |

Од добиените податоци може да се утврди дека најмногу ученици одговориле дека со педагогот најчесто разговараат за недолично однесување и тоа 31,52%, 19,84% одговориле дека разговараат поради отсуство од настава, 14,78% поради слабиот успех, 13,23% кога се организираат екскурзии или други посети надвор од училиштето, 10,90% кога се организират разни свечености во училиштето, 7,78% кога се организираат натпревари за ученици и 1,95% друго.

Од добиената анализа на прашањето број единаесет од  анкетниот лист за ученици може да констатираме дека се потврдува деветата хипотеза која гласи: учениците имаат потреба од различни содржини на советодавна работа.

**10. Мислење на училишните педагози и учениците во однос на потребата од советодавна работа на педагогот со учениците**

Потребата за советодавна работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште досега ја разгледувавме од аспект на мислењата на училишните педагози и учениците, одделно, за потребите на деветтата хипотеза овие мислења ќе ги компарираме.

Десетата хипотеза на истражувањето гласи: *училишните педагози и учениците имаат различно мислење во однос на потребата од советодавна работа на педагогот со учениците.* За потребите на оваа хипотеза беа поставени две прашања и тоа второто прашање од анкетниот лист за ученици и третото прашање од анкетата за педагози. Добиените податоци за мислењето што тие го имаат во врска со потребата за советодавна работа на училишниот педагог со учениците, ги прикажуваме во Табела 14 и Графикон 3.

**Табела 14. Мислење на училишните педагози и учениците во однос на потребата за советодавна работа со учениците**

| Категории на одговори | Педагози | | Ученици | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| а)Нема потреба педагогот да обавува советодавна работа бидејќи за тоа се одговорни одделенските раководители | 0 | 0.00 | 8 | 4.00 | 8 | 3.48 |
| б)Советодавна работа е потребна, само ако ученикот побара помош | 0 | 0.00 | 34 | 17.00 | 34 | 14.79 |
| в)Советодавна работа е потребна, само ако педагогот смета дека има потреба | 0 | 0.00 | 19 | 9.50 | 19 | 8.26 |
| г)Советодавна работа е потребна, доколку педагогот смета дека има потреба и ученикот побара помош од педагогот | 5 | 16.67 | 98 | 49.00 | 103 | 44.78 |
| д)Советодавната работа е предуслов за успешна воспитно-образовна работа на училиштето | 25 | 83.33 | 41 | 20.50 | 66 | 28.69 |
| Вкупно | 30 | 100.00 | 200 | 100.00 | 230 | 100.00 |




**Графикон бр.3 . Мислење на училишните педагози и учениците во однос на потребата за советодавна работа со учениците**

Од добиените податоци може да се заклучи дека и учениците и педагозите сметаат дека има потреба од советодавна работа а со тоа се отфрла осмата хипотеза која гласи: училишните педагози и учениците имаат различно мислење во однос на потребата за советодавната работа на педагогот со учениците.

**11. Мислење на училишните педагози и учениците во однос на содржината на советодавна работа на педагогот со учениците**

Содржините на советодавна работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште досега ги разгледувавме од аспект на мислењата на училишните педагози и учениците, одделно, за потребите на единаесеттата хипотеза овие мислења ќе ги компарираме.

Единаесеттата хипотеза на истражувањето гласи: училишните педагози и учениците имаат различно мислење во однос на содржините на советодавна работа на педагогот со учениците.За потребите на оваа хипотеза беа поставени две прашања и тоа единаесеттото прашање од анкетниот лист за ученици и шестото прашање од анкетниот лист за педагози.

Добиените податоци за мислењето што тие го имаат во врска со содржините на советодавна работа на училишниот педагог со учениците се претставени табеларно и графички.

**Табела 15. Мислење на училишните педагози и учениците за содржините на советодавна работа со учениците**

| Категории на одговори | Педагози | | Ученици | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| а) Слаб успех | 27 | 30.00 | 76 | 14.78 | 103 | 17.05 |
| б) Отсуство од настава | 20 | 22.23 | 102 | 19.84 | 122 | 20.21 |
| в) Недолично однесување | 30 | 33.33 | 162 | 31.52 | 192 | 31.79 |
| г) Кога се организираат натпревари за ученици | 3 | 3.33 | 40 | 7.78 | 43 | 7.11 |
| д) Кога се организираат разни свечености | 6 | 6.67 | 56 | 10.90 | 62 | 10.26 |
| ѓ)Кога се организираат екскурзии или други посети надвор од училиште | 4 | 4.44 | 68 | 13.23 | 72 | 11.92 |
| е) Друго | 0 | 0.00 | 10 | 1.95 | 10 | 1.66 |
| Вкупно | 90 | 100.00 | 514 | 100.00 | 604 | 100.00 |

| $\chi^2=20.86$ | df=6 | $p<0.01$ |
|---|---|---|




**Графикон бр.4 Мислење на училишните педагози и учениците за содржините на советодавна работа со учениците**

Постои разлика во искажаните мислења меѓу училишните педагози и учениците во врска со содржините на советодавна работа.Тоа се потврдува и со Х-квадрат тестот која што е статистички значајна. Тоа се согледува во следниве одговори : 22,23% педагози а19,84% ученици одговориле дека разговараат поради отсуство од настава, 30% педагози а14,78% поради слабиот успех, 4,44% педагози а 13,23% кога се организираат екскурзии или други посети надвор од училиштето, 6,67 ученици а 10,90% кога се организират разни свечености во училиштето, 3,33% педагози а 7,78% ученици кога се организираат натпревари за ученици и 0% педагози а 1,95% друго.

Од добиените податоци може да се заклучи дека учениците и педагозите имаат различно мислење во однос на содржините на советодавна работа а со тоа се отфрла единаесеттата хипотеза која гласи: училишните педагози и учениците имаат различно мислење во однос на содржините на советодавната работа на педагогот со учениците.

**12. Мислења на учениците за оспособеноста на училишниот педагог за остварување на советодавна работа**

Дванаесетата хипотеза гласи: *учениците сметаат дека училишните педагози се оспособени за советодавна работа со нив.* За испитување на оваа хипотеза поставивме неколку прашања во анкетниот лист за ученици, и тоа шестото, седмото, осмото, деветото и дванаесетото прашање.

Добиените резултати од шестото прашање од анкетниот лист за ученици се претставени во Табела 16

**Табела 16. Мислење на учениците во однос на спремноста на педагогот за соработка со учениците**

| Категории на одговори | Ученици | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Да, секогаш | 172 | 86,00 |
| б) Понекогаш | 26 | 13,00 |
| в) Никогаш | 2 | 1,00 |
| Вкупно | 200 | 100,00 |

На шестото прашање кое гласи: дали училишниот педагог секогаш е спремен за соработка со учениците, 172 ученици или 86% одговориле дека секогаш е спремен, 26 ученици или 13% понекогаш и 2 ученика или 1% никогаш.

Добиените резултати од седмото прашање од анкетата за ученици се претставени во следната табела:

**Табела 17. Мислење на учениците за тоа дали добиваат поддршка од педагогот**

| Категории на одговори | Ученици | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Да, секогаш | 142 | 71,00 |
| б)Понекогаш | 52 | 26,00 |
| в) Никогаш | 6 | 3,00 |
| Вкупно | 200 | 100,00 |

На седмото прашање, дали учениците добиваат поддршка од педагогот, 71% одговориле со да, секогаш, 26,5% понекогаш и 2,5% никогаш.

Добиените резултати од осмото прашање од анкетата за ученици се претставени во Табела 18.

**Табела 18.Мислење на учениците за тоа дали по разговорот со педагогот го решаваат проблемот**

| Категории на одговори | Ученици | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Го решаваат проблемот | 116 | 58.00 |
| б) некогаш го решаваат, некогаш не | 82 | 41.00 |
| в) Не го решаваат проблемот | 2 | 1.00 |
| Вкупно | 200 | 100.00 |

На осмото прашање, учениците одговориле дека по разговорот со педагогот проблемот го решаваат, 58% од учениците, 41% дека некогаш го решаваат, некогаш не и 1% дека не го решаваат проблемот.

Добиените резултати од деветото прашање од анкетата за ученици се претставени во Табела 19.

**Табела 19. Мислења на учениците за соработката меѓу училишниот педагог и учениците**

| Категории на одговори | Ученици | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Успешна | 146 | 73.00 |
| б) Делумно успешна | 52 | 26.00 |
| в) Неуспешна | 2 | 1.00 |
| Вкупно | 200 | 100.00 |

На деветото прашање, како ја оценуваат соработката со училишниот педагог, повеќето, односно 73% одговориле дека е успешна, 26% дека е делумно успешна и 1% дека е неуспешна.

Добиените резултати на дванаесетото прашање од анкетата за ученици се претставени во Табела 20.

**Табела 20. Мислење на учениците за тоа дали училишниот педагог придонесува за решавање на одредени проблеми во училиштето**

| Категории на одговори | Ученици | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) има голем придонес | 156 | 78,00 |
| б) само понекогаш има придонес во решавањето на проблемите | 40 | 20,00 |
| в) Нема придонес | 4 | 2,00 |
| Вкупно | 200 | 100,00 |

На дванаесетото прашање со кое се бара учениците да го дадат своето мислење дали училишниот педагогот придонесува за решавање на одредени проблеми во училиштето, 78% одговориле дека има голем придонес, 20% дека само понекогаш има придонес во решавањето на проблемите и 2% дека нема придонес.

Од добиената анализа на прашањата број шест, седум, осмум, девет и дванаесет прашање од анкетниот лист за ученици може да констатираме дека се потврдува дванаесетата хипотеза која гласи: учениците сметаат дека училишните педагози се оспособени за советодавна работа со нив.

## 13.Причини кои ја отежнуваат советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште

Тринаесетата хипотеза гласи: *постојат одредени причини кои ја отежнуваат советодавната работа на педагогот со учениците во основното училиште.*

За испитување на оваа хипотеза, ќе го обработиме единесеттото прашање од анкетниот лист за педагози, кое се однесува на причините кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат реализацијата на советодавната работа со учениците.

Резултатите од ова прашање ги прикажуваме во Табела 21.

**Табела 21. Мислења на училишните педагози во однос на тоа кои причини ја оневозможуваат или ја отежнуваат реализацијата советодавна работа со ученици**

| Категории на одговори | Педагози | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Недоволно познавање на функцијата на училишниот педагог од страна на учениците | 12 | 17.39 |
| б) Негативен став кон педагогот од страна на учениците | 5 | 7,24 |
| в) Преобемна административна работа | 21 | 30,43 |
| г) Слаба материјална положба и несоодветни услови за работа | 10 | 14,50 |
| д) Недоволно стекнато знаење и пракса за време на студиите | 2 | 2,90 |
| ѓ) Несоработка од страна на наставниците | 3 | 4,35 |
| е) Несоработка од страна на родителите | 16 | 23,19 |
| ж) Други | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 69 | 100,00 |

Од прикажаните податоци може да се воочи дека повеќето педагози одговориле дека преобемната административна работа ја отежнува или пак ја оневозможува советодавната работа со учениците, и тоа 30,43%, 23,19% дека тоа е несоработка од страна на родители, 17,39% дека тоа е недоволното познавање на функцијата на училишниот педагог од страна на учениците, 14,50% слабата материјална положба и несоодветни услови за работа, 7,24% негативен став кон педагогот од страна на учениците, 4,35% несоработка од страна на наставниците и 2,90% недоволно стекнато знаење и пракса за време на студиите.

Од добиените резултати можеме да заклучиме дека се потврдува тринаесеттата хипотеза која гласи: постојат одредени причини кои ја отежнуваат советодавната работа на педагогот со учениците во основното училиште.

## 14.Оспособеност на училишниот педагог за советодавна работа со ученици

Четиринаесеттата хипотеза гласи: *училишните педагози сметаат дека во текот на иницијалното образование не се доволно оспособени за реализирање на советодавна работа со ученици.*

За испитување на оваа хипотеза, го обработивме дванаесетото прашање од анкетниот лист за педагози, кое се однесува на оспособеноста на педагозите за советодавна работа со ученици.

Резултатите од ова прашање ги прикажуваме во Табела 22.

**Табела 22. Мислење на училишните педагози за тоа дали се оспособени за советодавна работа со учениците**

| Категории на одговори | Педагози | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Солидна | 20 | 66,67 |
| б) Добра | 10 | 33,33 |
| в) Надоволна | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 30 | 100,00 |

Во однос на дванаесетото прашање, со кое педагозите требаа да ја оценат оспособеноста за советодавна работа, повеќето педагози одговориле дека е солидна и тоа, 66,67% а 33,33% ја оцениле како добра. Педагозите почетници и со помало работно искуство сметаат дека не се доволно оспособени за советодавна работа со ученици додека пак, оние со поголемо работно искуство сметаат дека веќе со работното искуство доволно се оспособиле за советодавна работа со ученици.

Земајќи ги во предвид добиените резултати од дванаесетото прашање од анкетниот лист за педагози може да констатираме дека четиринаесетата хипотеза која гласи: училишните педагози сметаат дека во текот на академското образование не се доволно оспособени за советодавна работа со ученици се отфрла.

## 15. Мислење на училишните педагози за потребата од стручно усовршување за поквалитетно изведување на советодавна работа со учениците во основното училиште

Петнаесетата хипотеза гласи: *училишните педагози сметаат дека постои потреба од нивно стручно усовршување за поквалитетно изведување на советодавна работа со учениците во основното училиште.*

За испитување на оваа хипотеза, го обработивме тринаесетото прашање од анкетниот лист за педагози, кое се однесува на потребата од стручно усовршување на училишните педагози.

Резултатите од ова прашање ги прикажуваме во следната табела:

**Табела 23. Мислења на училишните педагози во однос на тоа дали имаат потреба од стручно усовршување, за да можат поуспешно да ја обавуваат советодавната работа**

| Категории на одговори | педагози | |
|---|---|---|
| | f | % |
| а) Да | 19 | 63,33 |
| б) Не | 11 | 36,67 |
| Вкупно | 30 | 100,00 |

На прашањето дали имаат потреба од стручно усовршување, за да можат поуспешно да ја обавуваат советодавната работа 63,33% педагози одговориле дека имаат потреба а 36,67% одговориле со не.

Педагозите кои одговориле дека имаат потреба за советодавна работа како причини за тоа навеле:

- Секогаш можат да се научат нови работи;

- За време на студиите на тоа поле се обрнува многу малку внимание, во практична смисла;

- За време на студии не сме добиле некое практично знаење, советувањето го правиме повеќе интуитивно или од следење на стручна литература а таму има малку практични примери;

- Доколку стручно се усовршуваме поуспешно ќе реализираме советодавна работа;

Додека пак педагозите кои одговориле дека немаат потреба од стручно усовршување како причини навеле:

- Имам големо работно искуство, имам посетено доста семинари за советодавна - работа и стручна литература;

- Доволно сме усовршени во советодавната работа како наша примарна задача и се дополнуваме преку соработка со други школи и активи;

- Секојдневно во целост го следам воспитно – образовниот процес, соработката со учениците и нивното советување оди во најдобар ред;

Во однос на ова прашање може да се забележи дека педагозите со помало работно искуство имаат потреба од стручно усовршување за советодавна работа и сметаат дека во текот на базичните студии не се доволно оспособени за советодавна работа додека педагозите со поголемо работно искуство се изјасниле дека немаат потреба од советодавна работа бидејќи во текот да долгогодишниот работен стаж посетиле многу семинари и обуки кои им помогнале во усовршувањето на советодавната работа со ученици.

Од добиените резултати можеме да заклучиме дека се потврдува петнаесетата хипотеза која гласи: училишните педагози сметаат дека постои потреба од нивно стручно усовршување за поквалитетно изведување на советодавна работа со учениците во основното училиште.

IV ДЕЛ

# ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И КОНСТАТАЦИИ

## 1. Општи заклучоци од истражувањето

Од анализата на емпириските податоци од истражувањето, се потврдува генералната хипотеза на истражувањето дека, советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште се остварува преку различни содржини и форми на воспитно - образовна работа, согласно со потребите на учениците.

Додека пак, од анализата на добиените податоци од посебните хипотези на истражувањето, може да се изведат повеќе општи заклучоци.

1. Училишните педагози во своите Годишни програми, преку најразлични активности и содржини планираат советодавна работа со учениците.

Така, може да се забележи дека советодавната работа со учениците, училишните педагози во основното училиште ја планираат уште при запишувањето на децата во прво одделение, кога за прв пат децата се соочуваат со една нова непозната средина, па се до завршувањето на основното образование кога учениците полуматуранти се соочуваат со предизвикот за избор на својата идна професија, односно изборот на средно училиште во кое ќе го продолжат своето образование.

2. Училишните педагози главно имаат, позитивно мислење за потребата од советодавна работа со учениците во основното училиште. Тие, воглавно сметаат дека советодавната работа со учениците е неопходен услов за успешна воспитно-образовна работа во основното училиште.

3. Во однос на материјалните услови за реализација на советодавна работа со учениците, педагозите сметаат дека се на задоволително ниво. И тоа, просториите за советодавна работа, главно ги оценуваат како добри, документацијата за училиштето, наставата, слободните активности, професионалната ориентација како добра, библиотеката во однос на снабденоста со соодветни книги, списанија и брошури како

добра и средствата за истражување потребни за анкетирање, интервјуирање, набљудување, евидентирање, тестирање и социометриски мерења главно како добри.

4. Училишните педагози при реализирање на советодавна работа со учениците најчесто соработуваат со наставниците. Оваа констатација се потврдува и со податокот дека и најчест иницијатор за советодавна работа на училишниот педагог со учениците се наставниците, како и резултатите од одговорите на учениците кои главно одговориле дека наставниците најчесто ги упатуваат кај педагогот.

5. Во однос на содржините на воспитно – образовната работа, кои се предмет на советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште може да се констатира дека:

- Најчести содржини на советодавна работа кои училишниот педагог ги реализира со учениците се: недолично однесување, слабиот успех и отсуство од настава. Додека пак, помалку застапени, се содржини во однос на разни свечености во училиштето, разни екскурзии или пак други посети надвор од училиштето како и натпревари за ученици.

- Учениците од првиот и вториот образовен период и учениците од третиот образовен период имаат потреба за слични содржини на советодавна работа со таа разлика што учениците од првиот и вториот образовен период имаат повеќе потреба за советодавна работа во однос на адаптацијата на новите услови во училиште како и социјализацијата во новата средина додека пак учениците од третиот образовен циклус повеќе имаат потреба за советодавна работа во однос на пубертетските промени кои им се случуваат, проблеми во однесувањето, како и одредени дилеми кои се однесуваат на професионалната ориентација.

- Училишните педагози главно, сметаат дека учениците од третиот образовен циклус имаат повеќе потреба за советодавна работа. Учениците од првиот и вториот образовен период поголем дел од времето го поминуваат со еден наствник/наставничка, па затоа проблемите што се јавуваат во одделението се решаваат тековно, додека пак на учениците од третиот образовен период не им е доволен само одделенскиот час за да се решат нивните проблеми па затоа кај нив почесто се јавува потребата за советодавна работа со стручно лице како што е училишниот педагог.

6. Во однос на формите на советодавна работа со учениците во основното училиште, може да заклучиме дека училишните педагози во својата пракса најчесто практикуваат индивидуална советодавна работа, што е сосема логично земајќи го во предвид фактот дека учениците подобро се чувствуваат, кога само со педагогот разговараат за своите проблеми кои што се од интимна природа и кои поради објективни и субјективни причини не можат да се расправаат во група.

Советодавна работа, пак, со мали и големи групи на ученици е помалку застапена, и педагозите најчесто ја практикуваат кога учениците имаат заеднички проблем и проблемот го решаваат во рамките на групата.

7. Училишните педагози користат различни инструменти во функција на советодавната работа со учениците, меѓу кои главно, користат евидентен лист и анкетен лист а поради подетално собирање на податоците за учениците, евидентирање на советодавната работа со учениците како и бележење на резултатите од советодавната работа, училишните педагози ги користат и инструментите како што се протокол на писмено снимање, чек листи, скали на судови, разни тестови и други инструменти.

8. Учениците, главно сметаат дека советодавната работа е потребна, доколку педагогот смета дека има потреба и ученикот побара помош и дека советодавнта работа е предуслов за успешна воспитно – образовна работа во училиштето.

Од податоците добиени од одговорите на учениците може да се заклучи и дека, соработката на учениците со училишниот педагог е на задоволително ниво бидејќи значително голем дел од учениците (84%) , од најразлични причини веќе имале соработка со училишниот педагог или пак биле на советодавен разговор кај него

9. Учениците имаат потреба од различни содржини на советодавна работа, и тоа според добиените податоци од учениците најмногу ученици одговориле дека со педагогот најчесто разговараат за недолично однесување (31,52%), потоа поради отсуство од настава (19,84 %), поради слабиот успех (14,78%), кога се организираат екскурзии или други посети надвор од училиштето (13,23%), кога се организират разни свечености во училиштето (10,90%), кога се организираат натпревари за ученици (7,78%) и друго (1,95).

10. Училишните педагози и учениците имаат главно исто мислење во врска со потребата од советодавна работа на педагогот со учениците. Најголем дел од педагозите смета дека советодавната работа е предуслов за успешна воспитно – образовна работа на

училиштето (83,33), а најголем дел од учениците сметаат дека советодавната работа е потребна доколку педагогот смета дека има потреба и ученикот побара помош од педагогот ( 49 %).

11. Од компарирањето на изнесените ставови и мислења на училишните педагози и учениците, во однос на содржините на советодавна работа на педагогот со учениците може да се заклучи дека училишните педагози и учениците имаат различно мислење во однос на содржините на советодавна работа.

12. Учениците имаат позитивно мислење во однос на оспособенста на училишните педагози за советодавна работа со учениците, што може да се заклучи од добиените податоци од учениците според кои:

- училишниот педагог е секогаш е спремен за соработка со учениците (86%);
- учениците добиваат поддршка од педагогот (71%);
- секогаш го решаваат проблемот (58%);
- соработката со педагогот е успешна (73%).

13. Од резултатите добиени со истражувањето произлегува дека советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште ја отежнуваат следните причини: преобемната административна работа, несоработка од страна на родители, недоволното познавање на функцијата на училишниот педагог од страна на учениците, слабата материјална положба и несоодветни услови за работа, негативен став кон педагогот од страна на учениците, несоработка од страна на наставниците и недоволно стекнато знаење и пракса за време на студиите.

14. Училишните педагози сметаат дека, главно се оспособени за советодавна работа со ученици, (66,67%). Педагозите почетници и со помало работно искуство сметаат дека не се доволно оспособени за советодавна работа со ученици додека пак, оние со поголемо работно искуство сметаат дека веќе со работното искуство доволно се оспособиле за советодавна работа со ученици.

15. Педагозите со помало работно искуство имаат потреба од стручно усовршување за советодавна работа и сметаат дека во текот на базичните студии не се доволно

оспособени за советодавна работа додека педагозите со поголемо работно искуство се изјасниле дека немаат потреба од советодавна работа бидејќи во текот да долгогодишниот работен стаж посетиле многу семинари и обуки кои им помогнале во усовршувањето на советодавната работа со ученици.

## 2. Предлози за имплементација на резултатите од истражувањето

Врз основа на изнесените теоретски сознанија и добиените емпириски податоци за реализирање на советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште може да се изведат повеќе заклучни согледувања и да се дадат насоки за подобрување на квалитетот на советодавната работа.

Учениците во основното училиште се сретнуваат со најголемите промени во нивниот живот. Така, при запишување во прво одделение за прв пат се наоѓаат во ситуација да бидат обврзани да следат настава а по наставата слободното време мора да го организираат така што покрај другите актвности треба да ги напишат и домашните задачи. Таа нова ситуација создава потешкотии од емоционална природа бидејќи детето од еден безгрижен период на детство преминува во позиција на ученик кој ќе треба да ги извршува обврските кои од него ги бара училиштето.

Затоа училишниот педагог во овој период на адаптација на децата на училишната средина и училишните правила и обврски, треба да им даде посебна подршка на учениците, нивните родители и наставниците. Тој постојано треба да го следи периодот на адаптација на учениците и да биде присутен меѓу учениците бидејќи тој е првата личност со која децата се сретнале кога дошле да се запишат во училиште и кон кого изградиле доверба, а таа доверба педагогот понатаму треба да ја пренесе на наставниците бидејќи тие се тие кои што постојано ќе бидат со учениците и од кои понатаму ќе зависи нивниот однос кон училиштето.

Понатаму, учениците во основното училиште се сретнуваат со една од најголемите промени во нивниот физички и емоционален развој а тоа е периодот на пубертет кој што со себе носи многу превирања, конфузии и дилеми. Тие промени во физичкиот и емоционален развој, во училиштето се рефлектираат како: незадоволство од својата положба во училиштето, изостанување од настава, незаинтересираност за учење, бегање од одговорност, појава на негативни појави како што се пушење и алкохол, неприфаќање на авторитететот наставникот итн. Затоа педагогот како стручно лице треба да им помогне на учениците во решавањето на нивните развојни проблеми и отстранување на облиците

на однесување кои се неприфатливи за општествената и училишната средина. За решавање на овие проблеми потребно епедагозите да се проучат причините и да се третираат со педагошки мерки преку систематско следење на облиците на манифестирање.

Како податок од учениците од нашето истражување, ја добивме и информацијата дека има ученици кои што недоволно или пак воопшто не ги познаваат работните задачи на училишниот педагог во основното училиште, па затоа покрај тоа што учениците уште во одделенска настава, преку наставните содржини ги запознаваат вработените во училиштето и нивните работни задачи, како дополнителна мерка се предлага изложување на видни места насоки на кого можат да се обратат учениците во случај на некој проблем или дилема. Така, учениците ќе знаат на кого може да се обратат во случај на проблеми со врсниците, при потешкотии во учењето, домашни проблеми итн. Со овие насоки учениците ќе бидат поохрабрени да побараат помош и ќе бидат сигурни дека се обратиле на вистинското место.

Како битна карика во успешно реализирање на советодавната работа е и подобро функционирање на релација педагог-наставник-ученик-родител. Бидејќи и самите емпириски податоцини покажуваат дека наставниците при советодавна работа најмногу соработуваат со наставниците, оваа соработка треба да е континуирана со тоа што повеќе ќе се инволвираат и родителите на ученикот кои што ќе дадат драгоцени информации за одредени потешкотии кои се јавуваат во семејната средина а за возврат ќе бидат поупатени за тоа како нивното дете се однесува во училишна средина и дали пројавува некакви негативни појави за кои родителите секогаш треба да бидат информирани

Како сугестии од училишните педагози ги добивме информациите дека во текот на базичните студии не се доволно оспособени за советодавна работа со учениците. Во оваа насока треба да се направат измени во наставниот план и програми на Институтот за педагогија во насока на поголема застапеност на педагошката практика преку која студентите за време на студиите ќе се оспособат за реализирање на советодавна работа со учениците.

Додека пак за педагозите почетници кои веќе се вклучени во воспитно – образовниот процес, треба да се организираат обуки, предавања, работилници и друг вид на професионално усовршување со цел оспособување на педагозите за советодавна работа со учениците во основното училиште, бидејќи професионалното усовршување е неопходен фактор да се биде во тек со сите промени во воспитно – образовниот процес.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Адамческа, С. (1996). Активна настава. Скопје: Легис
2. Алексовска, С. (1994). 'Искуства од програмирањето на работата на училишниот педагог'. Скопје: Просветно дело. бр. 4
3. Ангелоска – Галевска. Н. (2003). Методологија на педагошки истражувања (интерен материјал). Скопје
4. Ангелоска - Галевска, Н. (1998). Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието. Битола: Киро Дандаро
5. Bognar, L., Matijevic, M. (2002). Didaktika. Zagreb: Školska knjiga
6. Bossert, S. (1979). Task and Social Relationships in Classrooms. New York: Cambridge University Press
7. Brajša, P. (1993). Pedagoška komunikologija. Zagreb: Školske novine
8. Bratanić, M. (1990). Mikropedagogija – interakcijsko - komunikacijski aspekti odgoja. Zagreb: Školska knjiga
9. Василев,С., Ракић, Б. (1998). Школска педагогија. Београд: Култура
10. Вилотиевиќ, М.(2000). Дидактика 1,2,3. Београд: Завод за уџбенике и наставна средства. Учитељски факултет
11. Дамјановски, А. (1989). Ученикот во наставата: од објект до активен субјект. Скопје: Просветно дело
12. Damon, W. & Hart, D. (1998). Self – understanding in Childhood and Adolescence. Cambridge University Press
13. Дончева – Баракоска, А. (1996). Детето и неговата организација. Скопје: Феникс
14. Ђорђевић, Ј. (1997). Настава и учење у савременој школи. Београд: Учитељски факултет
15. Enciklopediski recnik pedagogije. (1963). Zagreb: Matice Hrvatske
16. Закон за основно училиште. (1965). Скопје: Службен весник на Социјалистичка Република Македонија. Бр. 31

17. Закон за основно училиште. (1969). Скопје: Службен весник на Социјалистичка Република Македонија. Бр. 7

18. Закон за основното воспитание и образование. (1976). Скопје: Службен весник на Социјалистичка Република Македонија. Бр. 11

19. Закон за предучилишно и основно воспитание и образование. (1983). Скопје: Службен весник на Социјалистичка Република Македонија. Бр. 19

20. Закон за основното образовани. (1995). Скопје: Службен весник на Р. Македонија. Бр. 44

21. Закон за основно образование. (2008). Службен весник на РМ

22. Јолаковски, А., Стојковски, Љ. 'Критериуми за оценување на поведението на учениците од основното образование на скопското подрачје'. Скопје: Просветно дело. бр. 2

23. Костова, М. (1993). Оптовареноста на учениците. Скопје: Редакција на списанието Просветно дело

24. Конвенција за правата на детето. (1990). Њујорк: Унцеф

25. Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование. (2007). Скопје: Министерство за образование и наука

26. Лешковски, И. (2002). Педагошки речник. Скопје: Вековишнина.

27. Lekić, (1987). Metodologija pedagoškog istraživanja i stvaralaštva. Beograd: Naučna knjiga

28. Трикиќ, З., Коруга, Д., Врањешевиќ, Ј., Дејановoвиќ, В., Видовиќ, С. ( 2008 ). Прирачник за водичи на работилници од областа на образованието за вештини на медијација. Скопје: ГТЗ

29. Трнавац, Н. (1987). Школски системи на раскршћу. Београд: Г. Милановац

30. Трнавац, Н. (1996). Педагог у школи. Београд: Учитељски факултет

31. Johnson, M.J. & Prutzman, P. (1998). Creative Response to Conflict, Inc. Friendli Classroom. Mediation Manual (School Mediation – From Planning to Practice). New York: CCRC

32. Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga

28. Трикиќ, З., Коруга, Д., Врањешевиќ, Ј., Дејановиќ, В., Видовиќ, С. ( 2008 ). Прирачник за водичи на работилници од областа на образованието за вештини на медијација. Скопје: ГТЗ
29. Трнавац, Н. (1987). Школски системи на раскршћу. Београд: Г. Милановац
30. Трнавац, Н. (1996). Педагог у школи. Београд: Учитељски факултет
31. Johnson, M.J. & Prutzman, P. (1998). Creative Response to Conflict. Inc. Friendli Classroom. Mediation Manual (School Mediation – From Planning to Practice). New York: CCRC
32. Jurić, V. (1989). Metodika rada školskog pedagoga. Zagreb: Školska knjiga
33. Mandić, P. (1986). Savjetodavni vaspitni rad sa metodikom vaspitnog rada. Sarajevo: Zavod za ubedžnike i nastavna sredstva Svjetlost
34. March, C.J. (1994). Kurikulum: temeljni pojmovi. Zagreb: Educa
35. Миновски, ј., Ѓорѓиевска, Г. (1997). Следење и анализирање на наставата. Кочани: Матична библиотека Искра
36. McAleese, R., Hamilton, D. (1978). Understanding Classroom Life. Windstor: NFER.
37. Mužić, V. (1968). Metodologija pedagoškog istraživanja. Sarajevo: Zavod za izdavanje ubedžnika
38. Национална програма за развој на образованието во република Македонија 2005-2015. (2004). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија
39. Николовска, Ј. (2007). Педагошко-методички истражувања и погледи. Скопје: Матица
40. Основи на програмирање на работата на педагогот. Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници (1999) Скопје: Педагошки завод на Македонија
41. Петроска, В. (1995). Конфликти. Скопје: Филозофски факултет
42. Pedagoška enciklopedija I i II. (1989). Beograd: Zavod za ubedžnike i nastavna sredstva
43. Потконјак, Н., Трнавац, Н. (1998). Инструменти за рад школског педагога. Београд: Педагошко друштво Србије
44. Rozmarić, A. (1989). Unapredivanje razvojno-pedagoške službe u osnovnoj školi. Zagreb: Školska knjiga

49. Сузић,Н., Туњић, В. (2001). Школско постигнуће и аспирације родитеља. Нови Сад: Педагошка стварност 1-2, 43-57

50. Сузић,Н. (2005). Решавање конфликата путем педагошке комуникацје. Бања Лука: Филозофски факултет

51. Трнавац, Н. (1996). Педагог у школи. Београд: Учитељски факултет

52. Troj, F. (1958). Osnovni pojmovi iz pedagoške i psihološke statistike. Beograd: Savremena škola

53. Flanders, N.A. (1970). Analysing Classroom Behaviour, reading. Massachusetts: Addisin-Wesley

54. Haralambos, M., Heald, R. (1989). Uvod u sociologiju. Zagreb: Globus

55. Hirschi, T. (1969). Causes of Delinquenci. Berkeley: University of California Press

56. www.google.com

# ПРИЛОЗИ

- **Анкетен лист за стручни соработници – педагози од основните училишта**
- **Анкетен лист  за ученици**

**Анкетен лист**

**(за стручни соработници – педагози од основните училишта)**

Почитувани колеги,

Овој прашалник е дизајниран со цел да се соберат податоци за "Советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште", што е тема на мојот магистерски труд. Прашањата се однесуваат на тоа како се остварува советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште (кои форми и содржини на советодавна работа се практикуваат како и потешкотиите со кои се соочувате .

Вашето стручно мислење и искрени одговори ќе придонесат за успешно реализирање на ова истражување. Поради тоа Ве молам да одговорите на сите прашања од анкетниот лист и да доставите по еден примерок од Вашата годишна програма за учебната 2011/2012 година.

Анкетирањето е анонимно, а изборот да Ве анкетираме Вас е сосема случаен. Затоа Ве молиме искрено да одговорите на поставените прашања,

Анкетниот лист ќе го пополнувате со заокружување на буквите пред понудените одговори кои го изразуваат Вашето мислење, а за некои прашања Вие ќе го напишете одговорот.

Однапред Ви благодариме на соработката!

1. Колку години имате работно искуство како училишен педагог?

__________________________________________________________

2. Со кого најчесто соработувате при советодавна работита со ученици?

   а) Наставниците
   б) Родителите
   в) Директорот

3. Кое е Вашето мислење во однос на советодавната работа на педагогот со учениците?

   а) Нема потреба педагогот да обавува советодавна работа бидејќи за тоа се одговорни раководителите на паралелки и одделенските раководители.

   б) Советодавна работа е потребна, само ако ученикот побара помош.

   в) Советодавна работа се потребна, само ако педагогот смета дека има потреба.

   г) Советодавна работа е потребна, доколку педагогот смета дека има потреба и ученикот побара помош од педагогот.

   д) Советодавната работа е предуслов за успешна воспитно – образовна работа на училиштето.

4. Материјалните услови за советодавна работа со ученици се:

| **Материјални услови** | Мн.добари | Добри | Недоволни |
|---|---|---|---|
| а)Простории (соодветните простории) | | | |
| б)Документација (за училиштето, наставата, слободните активности, професионалната ориентација) | | | |
| в)Библиоотека (снабдена со најзначајни книги, списанија и брошури) | | | |
| г)Средства за истражување (потребни за анкетирање, интервјуирање, набљудување, евидентирање, тестирање и социометриски мерења | | | |

5. По чија иницијатива најчесто се остварува советодавна работа со ученици?

   а) На наставниците
   б) На учениците
   в) На родителите
   г) На педагогот
   д) Некој друг. Кој?____________________________________

6. Поради што, учениците најчесто разговараат со педагогот? (Заокружете најмногу 3 од понудените одговори)

   а) Слабиот успех

   в) Отсуство од настава

   в) Недолично однесување

   г) Кога се организираат натпревари за ученици

   д) Кога се организираат разни свечености во училиштето (патронат, приредби, средби со родители и др.)

   ѓ) Кога се организираат екскурзии или други посети надвор од училиштето (посети на културни-историски знаменитости, институции итн)

   е) Друго____________________________________________

7. Наведете за што најчесто, учениците од првиот и вториот образовен период и учениците од третиот образовен период имаат потреба за советодавна работа со Вас, како училишен педагог?

   Учениците од првиот и вториот образовен период имаат потреба од советодавна работа во однос на:________________________________________________
   ____________________________________________________________
   ____________________________________________________________
   ____________________________________________________________
   ___________________________________________________________.

   Учениците од третиот образовен период имаат потреба од советодавна работа во однос на:____________________________________________________
   ____________________________________________________________
   ____________________________________________________________
   ____________________________________________________________
   ___________________________________________________________.

8. Кои ученици пројавуваат поголема потреба за советодавна работа?

а) Учениците од првиот и вториот образовен период
б) Учениците од третиот образовен период
в) Еднакво и од првиот и вториот образовен период и од третиот образовен период

9. Колку често ги практикувате следниве форми на советодавна работа со ученици?

| **Форми на советодавна работа** | Често | Ретко | Никогаш |
|---|---|---|---|
| а)Индивидуална советодавна работа | | | |
| б) Советодавна работа со мали групи | | | |
| в) Светодавна работа со големи групи | | | |

10. Кои инструменти ги користите при советодавната работа со учениците?

а) Евидентен лист
б) Протокол на писмено снимање
в) Анкетен лист
г) Тест
д) Скала на судови
ѓ) Чек листа
е) Други (Наведете кои)________________________________________________

11. Заокружете кои од наведениве причини ја оневозможуваат или ја отежнуваат советодавната работа со ученици?

а) Недоволно познавање на функцијата на училишниот педагог од страна на учениците;

б) Негативен став кон педагогот од страна на учениците;

в) Преобемна административна работа;

г) Слаба материјална положба и несоодветни услови за работа;

д) Недоволно стекнато знаење и прекса за време на студиите;

ѓ) Несоработка од страна на наставниците;

е) Несоработка од страна на родителите;

ж) Други (наведете кои) ________________________________________________

12. Како ја оценувате Вашата способност за советодавна работа со ученици?
    а) Солидна
    б) Добра
    в) Недоволна

13. Дали имате потреба од стручно усовршување, за да можете поуспешно да ја обавувате советодавната работа со ученици?

    а) Да, затоа што____________________________________________
    ____________________________________________________
    ____________________________________________________
    ___________________________________________________.

    б) Не, затоа што____________________________________________
    ____________________________________________________
    ____________________________________________________
    ___________________________________________________.

14. Кои се Вашите сугестии во однос на подобрување на квалитетот на советодавната работа на педагогот со учениците?
    ____________________________________________________
    ____________________________________________________
    ____________________________________________________
    ____________________________________________________
    ____________________________________________________
    ___________________________________________________.

**Анкетен лист**

**( за ученици )**

Училиште: ________________________________________.

Одделение_________

Пол - М Ж

Овој прашалник е дизајниран со цел да се соберат податоци за "Советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште", што е тема на мојот магистерски труд. Прашањата се однесуваат на тоа како се остварува советодавната работа на училишниот педагог со учениците во основното училиште (кои форми и содржини на советодавна работа се практикуваат како и потешкотиите со кои се соочувате.

Твоите искрени одговори ќе придонесат за успешно реализирање на ова истражување.

Анкетирањето е анонимно, а изборот те анкетираме тебе е сосема случаен. Затоа те молиме искрено да одговориш на поставените прашања,

Анкетниот лист ќе го пополнуваш со заокружување на буквите пред понудените одговори кои го изразуваат твоето мислење, а за некои прашања сам/а ќе го напишеш одговорот.

Однапред Ви благодариме на соработката!

1. Дали знаеш што работи училишниот педагог во вашето училиште?

   а) Да, знам што работи

   б) Знам некои работи кои ги работи педагогот

   в) Не знам што работи

2. Кое е твоето мислење во однос на потребата за советодавната работа на педагогот со учениците?

   а) Нема потреба педагогот да обавува советодавна работа бидејќи за тоа се одговорни раководителите на паралелки и одделенските раководители.

   б) Советодавна работа е потребна, само ако ученикот побара помош.

   в) Советодавна работа се потребна, само ако педагогот смета дека има потреба.

   г) Советодавна работа е потребна, доколку педагогот смета дека има потреба и ученикот побара помош од педагогот.

   д) Советодавната работа е предуслов за успешна воспитно – образовна работа на училиштето.

3. Доколку имаш некаков проблем или пак некаква дилема што не можеш да ја решиш сам/а дали би се обратил/а кај училишниот педагог:

   а) Да, затоа што________________________________________________
   _______________________________________________________________.

   б) Не, затоа што________________________________________________
   _______________________________________________________________.

4. Дали до сега си бил/а на разговор кај училишниот педагог:

   а) Да, затоа што________________________________________________
   _______________________________________________________________.

   б) Не, затоа што________________________________________________
   _______________________________________________________________.

5. Кој најчесто ги упатува учениците на разговор кај педагогот?

а) Наставниците ги упатуваат

б) Педагогот ги повикува учениците

в) Учениците одат сами на разговор кај педагогот

6. Дали училишниот педагог секогаш е спремен за соработка со учениците?

а) Да, секогаш

б) Понекогаш

в) Никогаш

7. Дали учениците добиваат поддршка од педагогот?

а) Да, секогаш

б) Понекогаш

в) Никогаш

8.По разговорот со педагогот, учениците:

а) Го решаваат проблемот

б) Некогаш го решаваат, некогаш не

в) Не го решаваат проблемот

9.Како ја оценувате соработката меѓу училишниот педагог и учениците?

а) Успешна

б) Делумно успешна

в) Неуспешна

10.На кој начин педагогот најчесто разговара со учениците?

а) Разговара само со еден ученик

б) Разговара со група ученици

в) Разговара со целото одделение

11.Поради што, учениците најчесто разговараат со педагогот?

а) Слабиот успех

в) Отсуство од настава

в) Недолично однесување

г) Кога се организираат натпревари за ученици

д) Кога се организираат разни свечености во училиштето (патронат, приредби, средби со родители и др.)

ѓ) Кога се организираат екскурзии или други посети надвор од училиштето (посети на културни-историски знаменитости, институции итн)

е) Друго_______________________________________________

12.Што мислиш, дали училишниот педагог придонесува за решавање на одредени проблеми во училиштето?

а) Има голем придонес

б) Само понекогаш има придонес во решавањето на проблемите

в) Нема придонес

13.Според тебе, каков треба да биде педагогот, за да може поквалитетно да соработува со вас, учениците?

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________

______________________________________________________.